ЈАВНА УСТАНОВА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА

**„РАСПЕАНА МЛАДОСТ”**

**КАРПОШ - СКОПЈЕ**

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А

**2024/2025**

**Август, 2024 год.**

ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

*ЈАВНА УСТАНОВА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА*
***„РАСПЕАНА МЛАДОСТ”***
*КАРПОШ - СКОПЈЕ*


УЛ. „РУЃЕР БОШКОВИЌ” БР.6

емаил:raspeana@yahoo.com

ТЕЛ : 02 3068 - 781

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А

ЗА РАБОТАТА ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА

## „Р А С П Е А Н А   М Л А Д О С Т”

КАРПОШ - СКОПЈЕ











За периодот од м. Септември 2024 до
м. Август 2025 година

**С О Д Р Ж И Н А**:


1. Вовед

2. Појдовни основи за организација на дејноста

3. Услови за работа и организациона поставеност

4. Организација на животот и работата во воспитните групи од најрана предучилишна возраст од 8 – 24 месеци и воспитни групи од 2 до 6 годишна возраст

5. Планирање и подготовка на воспитно образовната работа

6. Стручно педагошка дејност на јавната установа

   - Здравствена заштита на децата

   - Јавна и културна дејност

   - Соработка со родители

   - Следење и унапредување на згрижувачката и воспитно образовната дејност

   - План и програма за работа на логопедот

   - План и програма за работа на директорот

7. Стручно усовршување на згрижувачкиот и воспитно образовниот кадар

8. Педагошка евиденција и документација

9. Вработен кадар

10. Тековно и инвестиционо и финансиско работење

11. Советодавна дејност

12. Програма Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”

13. Заклучок

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА**

**„РАСПЕАНА МЛАДОСТ” КАРПОШ – СКОПЈЕ**

**2024/2025**

## *1. ВОВЕД*

Згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст е организирана дејност заснована на правата на децата,како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. ( Закон за заштита на деца, член 2)

Предучилишното воспитание и образование е дејност од посебен општествен интерес. Основната цел и задачи на дејноста за згрижување, воспитување и образование на децата од предучилишна возраст се:

- Создавање поволна едукативна средина во која детето ќе се здобива со искуства, а со организиран систем на методи и содржини ќе се подготвува за сознавањата и откривањата на себе и својата околина.

- Можност да ги зачува, поддржи, поттикне, насочи, развие и облагороди спонтаните активности на детето, почитувајки ја неговата индивидуалност во откривањето на светот околу себе.

- Развојните законитости кај секоја детска индивидуа претставуваат императив за потребата од сознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко - откривачки процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете.

Дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст се обезбедува и остварува во детската

градинка преку: згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско рекреативни, културно забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, т.е. до вклучување во образовниот процес.(Закон за заштита на деца)

Програмата за работа на ЈУОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ” Карпош - Скопје е документ во кој се прикажува целокупната работа, во сите сегменти со сите компоненти за едногодишен период - Септември 2024- Август 2025г. ( Член 168 од Закон за заштита на деца)

Во Годишната програма за работа се прикажува целосното работење на детската градинка со сите соодветни содржини, активности и организација на животот во градинката , со цел да му се овозможи на секое дете оптимални услови во согласност со педагошките теоретски и научни достигнувања , правилен холистички развој и негова подготвеност за понатамошно воспитание и образование и за живот. Со реализирањето на Програмата на децата ќе им биде овозможено да растат и да се развиваат, спонтано да сознаваат, да учат и да го богатат своето искуство, да стекнат навики,вештини и способности, да формираат ставови и односи кон животот и да формираат позитивни карактерни црти на личноста.

Со оваа програма се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст, согласно Националната Програма за рано учење и развој, базирана врз Стандардите за рано учење и развој, со цели, примери на активности, очекувани резултати, соработка со родителите.

Годишната програма за работа во ЈУОДГ ”РАСПЕАНА МЛАДОСТ” Карпош- Скопје е прилагодена кон детето од 8 месеци до 6 години, усогласена со неговите желби, можности, интереси, потреби и е со флексибилна организација на работата и поголема отвореност кон родителите и општествената средина.

Во Програмата поаѓаме од фактот дека раното детство е најважниот период на детскиот развој, и дека содржи посебни карактеристики како емоционалноста и ранливоста, сетилноста и

егоцентричноста, за кои треба и се води сметка дека предучилишното воспитание има особено влијание врз развојот.

## 2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Во организирањето на целокупното работење на градинката со мотото:**„МОЈА ГРАДИНКА-МОЈОТ ДЕТСКИ СВЕТ„** ќе работиме на остварување на следната **МИСИЈА** и **ВИЗИЈА** и тоа:

**МИСИЈАТА на градинката е:**

**Среќно и безгрижно детство за секое дете ,почитување на детските права , на индивидуалните можности и потенцијали, правилен и оптимален раст и развој и изградување на традиционални,човечки и хумани вредности кај децата .**

Градинката ќе работи и на развивање на професионалните компетенции на вработените , подршка и воспоставување на партнерска соработка со родителите и семејствата и придонес со своето работење во пошироката заедница.

**На бродот на детството**
**со вашите деца патуваме**
**тука учиме, другаруваме**
**играме и истражуваме.**

**На овој брод**
**добрата навика царува**
**градинката на детето**
**знаење и љубов му дарува.**

**Нови детски светови**
**бараме, откриваме**
**изненадувања приредуваме,**
**и желби исполнуваме.**

**ВИЗИЈА на градинката е:**

**Сакаме препознатлива и респектирана градинка ,со квалитетна грижа и нега ,со квалитетно воспитание и образование на децата во раното детство, која низ перманентно изградување на богата стимулативна средина , со професионален кадар и со активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес ќе овозможи во неа да растат и се развиваат и децата и возрасните.**

Годишната програма е изработена врз основа на законските одредби и согласно со тезите добиени од Министерството за труд и социјална политика и истата се разгледува и усвојува на седница на Управен одбор врз основа на член 28 од Статутот на ОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош - Скопје и Законот за заштита на децата со неговите измени и дополнувања. (Сл. весник на РМ бр.23/14;12/14; 44/14; 144/14;10/15, 25/15, 150/15,27/16, 163/17,21/18 ,196/18 и Сл. весник на РСМ 104/19 , 146/19 275/19, 311/20 и 294/21 година )

Програмата за работа ја подготвува директорот на градинката со тимот од стручните работници , соработници, како и воспитно-згрижувачкиот кадар.

При подготовка на Годишната програма се користени следниве документи:

- Закон за заштита на децата и неговите измени и дополнувања - . (Сл. весник на РМ бр.23/14;12/14; 44/14; 144/14;10/15, 25/15, 150/15,27/16, 163/17,21/18 ,196/18 и Сл. весник на РСМ 104/19 , 146/19 275/19, 311/20 и 294/21 година )

- Статут на ЈУОДГ„РАСПЕАНА МЛАДОСТ” Карпош - Скопје;

- Програма за рано учење и развој ( МТСП, Службен весник на РМ,бр.46/2014)

- Стандарди за рано учење и развој на децата од 0 - 6 години издадени од МТСП и Правилникот за изменување на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца Сл. Весник на РСМ бр.110/22 ;

- Нови практики во детските градинки (УНИЦЕФ);

- Годишната програма за работа во детската градинка во учебната 2024/2025год;

- Годишниот извештај за работа во детската градинка во учебната 2023/2024 год.

Програмските барања ќе се остваруваат во единствена здравствено превентивна, воспитно образовна и социјална програма која опфаќа нега, исхрана, воспитание, и образование на децата од 8 месеци до 6 години, односно до поаѓање во училиште.

Подготвената програма се разгледува на седница на Управниот одбор, кој понатаму ја предлага на усвојување на основачот - Советот на Општина Карпош.

**Јавната установа општинска детска градинка „РАСПЕАНА МЛАДОСТ” Карпош - Скопје** е лоцирана на територија на Општина Карпош (во Карпош 1 и во нас. Бардовци).

Капацитетот во двата објекта е за згрижување на 270 деца( во матичниот објект 200,а во Виножито 70)

Раководен орган на Установата е директорот, а орган на управување е Управниот одбор,а во моментот на изготвување на програмата раководен орган на градинката е в.д. директор.

Во ЈУОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ “Карпош - Скопје во програмската 2024/2025 год. се запишани 275 деца, во вкупно 12 воспитни групи од кои 2 воспитни групи од најрана предучилишна возраст(јасли) и 10 воспитни групи во кои се згрижени деца од 2-6 годишна возраст.

- Во Матичниот објект ,во новата програмска година има запишано вкупно 177 деца, од кои новозапишани се 49 деца. Децата се распоредени во една хетерогена група на возраст од 8 месеци до 24 месеци, а има 7 хомогени воспитни групи деца од 2 год. до 6 години.
- Во објектот ВИНОЖИТО вкупно се запишани 98 деца ,од кои новозапишани се вкупно 25 деца, распоредени во 1 хетерогена групи од 8м. до 24 месеци и во три хомогени групи од 4 до 6 години. Во овој момент има потреба од вработување на две негователки поради отворањето на новата група поради зголемениот број на деца. Барањата се веќе доставени до ресорното министерство.

Работното време на Установата е од 6ч наутро до 18ч.

Во Установата имаме организирано целодневен престој и полудневен престој (со еден или два оброка). Во новата програмска година сите запишани деца во двата објекта се вклучени во програмата за целодневен престој.

Развојот и учењето во првите години од животот се од исклучителна важност за детето и неговото семејството. Како ќе напредува детето и каков ќе биде неговиот развој зависи од взаемното делување на повеќе фактори, пред се стимулативната средина во семејството, здравјето на детето и позитивната социо-емоционална стимулација во средината во која детето престојува. Голема улога има и воспитниот и негователскиот кадар, стручните работници и соработници иостанатиот помошен кадар кои работат во градинката. Програмата за работа на градинката за 2024/2025 година ќе има за цел остварување на бројни цели и стандарди со цел обезбедување оптимален развој на секое дете згрижено во градинката.

## 3. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ



**Јавната установа општинска детска градинка „РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош - Скопје** својата дејност ја обавува во:

- **Матичниот објект**, кој е лоциран на ул.„Руѓер Бошковиќ" бр 6 во населбата Карпош 1 во Скопје и
- **Објект Виножито**, на ул.10 бр.2А, во населеното место Бардовци.

**Матичниот објект во Карпош 1** е изграден и пуштен во употреба во 1979год. Објектот располага со корисна површина од 1230 м2,а дворна површина од 1200 м2. Објектот е од тврда градба , наменски граден за оваа дејност ,со капацитет за згрижување на 200 деца.

**Во ЈУОДГ "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош - Скопје (матичен објект)** постојат добри услови за престој на деца и за остварување на работните задачи на вработените и тоа:

- јаслена просторија (занимална) , каде се згрижени деца од најрана предучилишна возраст, од 8м до 2 години,

- Просторија(тријажна соба) за примопредавање на децата од најмалата возраст,

- простории(занимални) каде се згрижени деца од постара предучилишна возраст од 2 до 6 години, вкупно 7,

- комплетно опремена кујна и

- канцеларија за заедничка служба - администрација.

- стоматолошка ординација

- канцеларија на стручна служба(педагог и психолог)

- канцеларија на логопед,

- кабинет за сите даватели на услуги,

- сала за заеднички активности  на децата( за физички активности ,за театарски претстави, за приредби и сл.)

- тоалети наменети за децата и за возрасните,

- подрумски простории и скривница.

Дворната  површина во матичниот објект  е уредена со тревна површина, цветни леи , детски реквизити - детски воз, клацкалки, вртелешки, лизгалка, кои веќе се значително остарени и кои се надеваме дека во иднина  ќе бидат обновени, односно заменети со посовремени детски реквизити. Во дворот има доволно дрвја кои прават убави сенки за престој на децата на лето. Пролетта исековме ,садевме цвеќиња  и се обидуваме да го одржуваме дворот во рамки на финансиските можности.

Во текот на годината особено кога се добри временските прилики,   ќе се трудиме децата   повеќето од времето да престојуваат на отворен простор во дворот и во непосредната околина на градинката и Градот.

Просторијата каде се сместени децата од најрана предучилишна возраст , јаслена возраст( до 2 год.), се опремени со бебешки  креветчиња и со пластични ниски креветчиња и потребен мебел и шкафови за чување на постелнината и играчките во матичниот објект. Просторијата има околу 80 м2 , така што има доволно простор за игрите и движењето на најмалите деца.

Во просториите -градинка каде се сместени децата од постарата предучилишна возраст занималните се поопремени со потребен мебел-плакари,  каде се чуваат рекс креветите, постелнината, со играчките, со центри за игра, со биро и столчиња за персоналот.

Во сите занимални постојат центри за игра и тоа:

- Центар за игри на улоги,
- Литературен центар
- Конструктивен центар
- Ликовен центар,
- Манипулативен,
- Истражувачки и музички и сл.

Вниманието и одговорноста на воспитнио-негователскиот кадар ќе биде насочена кон уредување на центрите, адаптирање според темите за воспитно-образовна работа ,според детските интереси и потреби. Во центрите постојано има простор од дополнување со нови играчки, со дидактички средства, конструктивен материјал и друг игровен матерјал, со кои децата секојдневно играат и се забавуваат.

Сите простории каде престојуваат децата се климатизирани, а клима уредите редовно се чистат и сервисираат.

Матичната градинка „РАСПЕАНА МЛАДОСТ” располага и со аудо визуелни и други технички средства,како телевизори, ЦД системи , систем за приредби, клавир ,воспитниот кадар е обезбеден со лап топи,со кои ги остваруваат дел од работните задачи,како електронско евидентирање на дневниот оперативен план, евидентирање на бројната состојба на деца , следат обуки и сл.

Во установата имаме и гардероба со детски костими кои ги користиме кога имаме приредби, прослави, маскембал и сл. За чување и одржување на гардеробата е задолжена една воспитувачка .

Градинката располага со библиотека за која е задолжена една од воспитувачите. Библиотеката е опремена со стручна литература и литература за деца и детски списанија. Редовно се снабдуваме со нова детска литература, а ни пристигнуваат и детските списанија „Росица”, Ѕвездички, Месечко и „Супер Смешка”.



**Објектот Виножито** во Бардовци е изграден во 2019 година , а со работа отпочна на 22 мај 2019. Објектот е со капацитет за згрижување на 70 деца.

**Во објектот „ВИНОЖИТО“ функционираат следните простории:**

- јаслена просторија каде се згрижени деца на возраст од 8м до 2 години ,

-простории(занимални) каде се згрижуваат деца од 2 до 6 години,вкупно 3,

-комплетно опремена чајна кујна ,

-канцеларија за стручните работници и соработници,

-канцеларија за воспитувачите и негователи,

- сала за заеднички активности,игри и престој на децата,

- тоалети наменети за децата и за возрасните и

- машинска соба за системот за греење и ладење.

Градинката Виножито располага со помала дворна површина и со еден помал простор опремен со 3 детски реквизити,пренесени од матичната градинка во тој двор. Недостигаат дрвја и зеленило, а секоја година се садат цеќиња со цел да се разубави барем малку дворот.

Градинката Виножито е климатизирана, системот поставен во неа е за топлење и ладење,меѓутоа по една хаварија -пожар во машинската соба во 2020 г. има чести дефекти на системот и истите треба во најбрзо време да се санираат.

И во градинката Виножито перманентно работиме на збогатување на библиотечниот фонд, на аудиовизуелните средства, ги дополнуваме центрите за активности со играчки и други средства.

Кујната како дел од Јавната установа е задолжена да подготвува правилна и квалитетна храна според нормите за детската возраст. Освен централната кујна,која е во состав на матичниот објект, во објектот Виножито има и чајна кујна.

Вработени во кујните посебно внимание обрнуваат на хигиената која е предуслов за здрава храна, а со тоа и за здрави деца.

Во главната кујна работат три лица:

- готвачка(1)
- помошник готвач(1) и
- садомијачка (1)

Во чајната кујна во објектот Виножито во Бардовци работи еден помошник готвач.

Сите вработени во кујната завршија обуката за подготовка и работа со храна според новите стандарди за безбедност на храната според HACCP Системот за безбедност на храната.

Кујната е опремена со шпорети за готвење, фрижидери за чување на храната, печењари, машина за месење тесто, универзална машина, машина за миење на priборот за јадење, и останати апарати и алатки кои се употребуваат во секојдневната работа при подготовка на оброците, а истото тоа може да го кажеме и за чајната кујна. Листите на јадења за секој месец ќе ги изготвуваме врз оснва на Нормативите и стандардите за исхрана во детските градинки

изготвени од ресорното министерство. При тоа ќе се внимава на прехрамбените продукти, на нивниот рок на траење и исправност, ќе се набавува квалитетно овошје и зеленчук и ќе се внимава на правилно подготвување на оброците кои треба во најкус временски рок да стигнат до децата. Листата за јадење ќе ја подготвуваат директорот и готвачката. Листата за јадење се подготвува еднаш месечно и при тоа се води сметка за Нормативите кои се пропишани од ресорното министерство. Во оваа листа многу често се воведуваат новини во исхраната, а ние следиме како децата ги прифаќаат и дали ги јадат новите оброци или јадења.

Контрола на листата за јадење и подготвените јадења врши и Јавната здравствена установа - Центар за јавно здравје Скопје, кој после секоја проверка доставува и записници од извршениот увид, како и инспектори од ресорното министерство.

За исхраната, хигиената и целокупниот процес за режимот на денот сугестии и предлози даваат и стручните лица од Надзорот за контрола и безбедност на храната од Секторот за дејности од јавен интерес на Општина Карпош.

Работата на заедничките служби - администрација е да вршат управно правни, кадровски, финансиски и технички работи во Јавната установа.

Перманентно ќе се следат сите законски промени од материјално и финансиско работење, навремено изготвување на месечни финансиски планови, објавување на јавни огласи, склучување договори, завршни сметки и редовно реализарање на секојдневниот план за работа.

Во администацијата се вработени:

еден - самостоен референт - сметководител.
еден – соработник - секретар
Во Установата имаме вработено и помошно технички кадар и тоа:
-еден магационер
-три хигиеничарки
-еден градинар
-еден хаус-мајстор и
-еден возач.

Во новата програмска 2024/2025 година целокупното работење на градинката и персоналот ќе биде насочено кон децата ,пред се, и кон родителите. За децата од најрана предучилишна возраст од 8м до 2год,ќе се води посебна грижа и ќе се обезбедуваат најсоодветни услови за нормален психофизички развој, исхрана, редовно се следи здравствената состојба на децата, а воспитната работа се одвива преку игровни активности. Посебно внимание ќе се обрнува на хигиено здравствените услови за престој на децата. Приемот на децата го врши негователка на децата од јаслена возраст која секојдневно контактира со родителите и дава информации или добива повратни информации за децата.Приемот на децата од 2 до 6 години го прават воспитувачките и при тоа имаат можност да остварат комуникација со родителите,да разменат мислења,а потоа да ги организираат децата во занималната да играат игри до почнување на појадокот.

На планот на воспитно -образовната работа ќе се организираат активности за помагање на развојот на основните движења и моторичките вештини,за поттикнување на когнитивниот развој, за усвојување на јазикот, слушање, правилно зборување , поттикнување на говорот, развивање на манипулативни активности, животно практични активности, игри и активности за поттикнување на музичките и ликовните потенцијали.

Во зависност од временските услови активностите и детските игри ќе бидат организираме и надвор на отворен простор, во Градскиот парк, на блиските зелени површини, детските игралишта во нашата населба и слично.

При подготвувањето и организацијата на активностите со децата ќе се води сметка за поврзување на слободните игри, дневните активности, творечките игри и прошетките на отворен простор, во околината,во природа.

Слободните игри се најприроден начин на вклучување на децата во колектив и активирање со нешто што посебно ги привлекува.

Тоа се перцептивно моторни, откривачки, практично животни активности, активности за резонирање, разбирање и пронаоѓање.

Игрите се изведуваат индивидуално во мали групи или колективно. Во воспитно-образовната работа со децата,најчесто се

играат: подвижни игри, музички игри,говорни игри, истражувачко-откривачки игри, дидактички игри, ликовни игри, манипулативни игри, конструктивни игри,математички игри и други игри ,во зависност од планираните цели и задачи, од желбите,интересите и потребите на децата,

Воспитувачот е рамноправен партнер со децата во игрите и во активностите.

Игрите се изведуваат во затворен или отворен простор (во зависност од временските прилики).

Програмата за воспитно образовна работа нуди широк избор на активности кои бараат флексибилност во просторната и на дидактичкиот матерјал часовната организација на работата во групата. Активностите се прилагодени на можностите на децата, на нивното искуство и психичка структура.

Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0-6год. што ги издаде во 2009 год. МТСП и Бирото за развој на образованието,ги презентираат очекувањата што треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни домени на развој(моторен, социо емоционален, когнитивен).

Холистичкиот пристап содржи елементи на квалитет во раниот детски развој кои главно се однесуваат на заштитата на здравјето на детето, обезбедување на безбедна и сигурна околина за учење и развој и зајакнување на развојната подготвеност и подготвеноста за училиште.

Со Програмата за рано учење и развој се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз Стандардите за рано учење и развој, цели, примери на активности, очекувани резултати, соработка со родителите.

Во текот на денот ќе се остварува и индивидуална работа со децата за однапред определени и поставени цели и задачи. Индивидуалната работа посебно е значајна за децата со посебни потреби и од воспитно- згрижувачкиот кадар бара поголема стручност, снаодливост, трпеливост и способност за работа, иако во нашата градинка воспитувачите немаат соодветно образование за работа со такви деца, но затоа стручните работници психологот и

логопедот во секој момемент им стојат на располагање со своите стручни познавања од оваа област.

Со децата од постарата предучилишна возраст работат воспитувачи со завршено соодветно образование (Филозофски факултет и Педагошки факултет) и негователки со завршено средно и високо образование . Сите воспитувачи, негователките, стручните работници и соработници имаат важечки Лиценци за работа(а воедно , истите редовно се обновуваат)

Во Новата програмска година во градинката има 10 воспитувачи и 15 негователки и една негователка која работи со договор на дело.Од нив две негователки се на подолготрајно породилно отсуство.

Следи табела на распоредот на децата по групи и бројот на децата:

ОБЈЕКТ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ”

| **Група возраст** | **број на групи** | **број на деца машки** | **женски** | **вкупно деца** |
|---|---|---|---|---|
| од 0,8 – 24 м | 1 | 17 | 16 | 33 |
| од 2 - 3 год. | 2 | 22 | 14 | 36 |
| од 3 - 4 год. | 2 | 21 | 15 | 36 |
| од 4 - 5 год. | 1 | 14 | 11 | 25 |
| од 5 - 6 год. | 2 | 29 | 18 | 47 |
| **В К У П Н О** | **8** | **103** | **74** | **177** |

**ОБЈЕКТ ВИНОЖИТО**

**Во објектот Виножито во моментов се формирани три воспитни хетерогени групи, (но од Септември се надеваме дека овие деца ќе бидат распоредени во 4 воспитни групи) и тоа:**

| Група возраст | број на групи | број на деца машки | женски | вкупно деца |
|---|---|---|---|---|
| од 8м до 2 год. | 1 | 15 | 10 | 25 |
| од 2- 3 год. | 1 | 10 | 8 | 18 |
| од 3 - 4 год. | 1 | 13 | 11 | 24 |
| од 4 – 6 год. | 1 | 18 | 13 | 31 |
| **В К У П Н О** | **4** | **56** | **42** | **98** |

Секоја воспитна група си има свое име, со кое е препознатлива меѓу родителите .Во **Матичниот објект** тоа се:

Восп.гр.од 8 – 24 месеци. - Буба мара
Восп.гр.од 2-3 год. - Цветчиња
Восп.гр. од 2-3 год. - Ѕвездички
Восп.гр.од 3-4 год. - Бувчиња
Восп.гр.од 3-4год. - Ѕвончиња
Восп.гр.од 4-5 год. - Славејчиња
Восп.гр.од 5-6 год. - Детелинки
Восп.гр од 5-6 год. - Срциња

**Објект ВИНОЖИТО**

Восп. гр. од 8-24 месеци - Мечиња
Восп.гр.од 2-3год. - Пчелки
Восп.гр.од 3-4год. - Ѕвездички

Восп.гр.од 4-6год. – Сонциња

Во градинката имаме подготвено **Кодекс на однесување** на стручните лица и останатите вработени како и неколку Протоколи за соработка со родители, за постапување во случај на повреда или друг инцидент, кои им ги доставивме во сите воспитни групи:

***„Протокол за мерките за сигурност на децата во градинката и нејзиниот двор„***

- Протокол за постапување при примопредавањето на детето во градинката,

- Протокол за постапување и мерките на сигурност во занималните и внатрешниот простор во градинката,

***„Протокол за евакуација во случај на пожар или друг тип на несреќа„***

- Поим на евакуација,
- Цел на евакуација,
- Мерки на евакуација

***„Протокол за постапување во кризни ситуации во случај на инцидент„***

- Протокол во случај на бегање на дете од градинка,
- Протокол за постапување во случај на судир со родител или судир меѓу родители,
- Протокол за задолжителните постапки на родителите кои се разведени или се во постапка на развод

***„Протокол за постапување во кризни ситуации во случај на болест, повреда и известување за болест-повреда,***

- Протокол за постапување во случај на здравствени проблеми или повреда кај деца -
- Кај полесни здравствени проблеми и повреди,
- Кај потешки здравствени проблеми, повреди и итни случаи,
- Останати упатства за постапување во случај на болно или повредено дете.

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ ОД ЈАСЛЕНА ВОЗРАСТ ( 8-24 м.) и ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ- ГРАДИНКА (2-6 г.)

Раното детство е од посебно значење за севкупниот развој на личноста на детето. Малите деца имаат инстиктивна желба да учат и таа нивна желба и потреба, нивната љубопитност за се она што ги опкружува , ја содржи Програмата за рано учење и развој која е основа за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа со децата и на Програмата за работа на Геадинката за 2024/2025 г.. Соодветната стимулација и процесот на учење во раното детство овозможува потикнување на :

- Интелектуален развој,
- Емоционалниот развој,
- Социјалниот развој,
- Физичкиот развој,
- Развој на јазикот и комуникациските вештини и
- Креира услови за подготвеност за училиште;

И во новата програмска година со децата од сите возрасти , вниманието ќе биде насочено кон остварување на целите и задачите од споменатите домени со цел поттикнување на севкупниот развој на секое дете. На децата ќе им овозможиме слобода во однос на изборот, содржините и средствата за активностите. За успешна реализација ќе им обезбедиме и соодветни услови, дидактички матерјали, нагледни средства,секако во рамките на можностите на градинката.Во занималните ќе бидат оформени следните центри за учење, за игра и игровни активности :

- литературен центар,
- математички центар,
- центар за игри со конструктивен материјал,
- научен-истражувачки центар,
- манипулативен центар,
- уметнички центар,
- центар за игри со улоги, драматизација, куклени претставви, -
- центар за изложување на детските творби и други.

Воспитно- образовна дејност со предучилишни деца ,бројните активности и играта како основна животна активност ќе бидат насочени кон поттикнување на природниот развој на секое дете запишано во градинката и кон почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на децата, изградување на детската личност од аспект на сите домени на развој.

Активностите што ќе бидат организирани од воспитувачите,но и од останатите стручни лица во градинката ќе овозможуваат да се креираат услови за сознавање и учење по пат на игра, интеракција(дете-дете,дете-возрасен), социјализација, активирање на истражувачко-откривачките процеси и решавање на проблемски ситуации со што ќе се поттикнуваат моторичките, јазичните, когнитивните и социо-емоционалните вештини.

Во работата со децата, а согласно Програмата за рано учење и развој, во нашата предучилишна установа ќе продолжиме да ги применуваме следниве принципи :

-Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на мултикултурализам
-Принцип на демократичност;
-Принцип на доминација на игра и принцип на поврзување со животната реалност;
-Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување;
-Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принцип на индивидуализација;
-Принцип на целосност и интегритет;
-Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес;
-Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој;
-Принцип на развојно-процесен пристап;
-Принцип на критичко вреднување;
-Принцип на континуиран професионален развој на воспитувачите,негователите,стручните работници и стручните соработници.

Воспитувачот ќе има централна улога во реализацијата на воспитно-образовниот процес кој не само што секојдневно ќе ја планира работата со децата врз основа на месечни планови изготвени од педагогот на градинката ,туку ќе мотивира, ќе го

поттикнува и следи детскиот развој, ќе ги почитува детските потреби,интереси и желби, ќе го води развојното портфолио(Досие на детето), ќе ја води редовно педагошката евиденција, ќе соработува со родителите ,со градинките, со училиштата, локалната средина и ќе работи на сопствениот професионален развој.

Воспитно-образовниот процес со децата ,согласно Програмата за рано учење и развој ќе се остварува низ цели и задачи од неколку домени за развој ,со цел постигнување на соодветни стандарди од страна на децата ,поврзани со детскиот развој .

Во продолжение ќе дадеме краток осврт на општите цели за развојот на децата согласно домените од Програмата за рано учење и развој и тоа:



### 4.1. РАЗВОЈ НА ПРИСТАП КОН УЧЕЊЕ

- Развивање на сопствен пристап и стил кон учењето,
- Поттикнување на интересот за користење на различни форми и извори на информации,
- Способност за започнување на одредена активност и истрајност во реализацијата на нејзиното извршување,
- Охрабрување за изразување на креативноста низ процесот на учење и развој,
- Способност за користење на претходни искуства и знаења во градење на личен пристап кон учењето.

### 4.2. СОЦИО- ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ



- децата да ја доживеат градинката како средина каде сите имаат еднакви можности да се вклучат во животот, без оглед на телесната, половата, психичката конституција, националната припадност и културно потекло.

- создавање услови за полесна адаптација на децата на градинката, полесно да ги надминат тешкотиите при напуштање на семејната средина и преку воспоставување на социоемоционален однос со воспитувачот и негователката , побрзо и полесно да се вклучат во колективот на врсници,
- развивање на социјална перцепција,
- развивање на свест и однос кон групата и семејството,
- способност за адаптација во нова средина,
- развивање на социјална интелигенција,
- усвојување на норми и обичаи во различни средини и ситуации,
- воведување на детето во универзални човекови вредности и

етички принципи;
- развивање на емоционалната интелигенција,
- препознавање и развивање свест за сопствени чувства - сигурност, доверба и прифатеност во околината,
- поттикнување на детето за емоционално врзување со повеќе лица,
- градење сопствени начини на изразување на чувствата,
- негување позитивни емоции,
- поттикнување и учество во разрешување на животни проблемски ситуации итн.

## 4.3. ЗДРАВЈЕ И МОТОРИЧКИ РАЗВОЈ



- усовршување на функцијата на сетилните органи - вид, слух, допир, мирис и вкус,
- поттикнување свест за ограничувањето на своите сетила,
- развој на фината моторика, контрола на дланките и прстите,
- развивање на сензорна осетливост,
- координација меѓу одделни сетила како и меѓу перцепција и моторика,
- овозможување и поттикнување на активности
- стекнување сигурност во своето тело и способност за движење,
- подобрување на способноста за ориентирање во просторот,
- негување на физичкото и менталното здравје на детето,
- осознавање на факторите кои го зајакнуваат како и на оние кои го нарушуваат здравјето,
- стекнување елементарни сознанија за човековото тело,
- стекнување навики за лична хигиена, уредност, чистота.

## 4.4. ЈАЗИК, КОМУНИКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПИСМЕНОСТА

Од особено значење за раното детство е усвојувањето на јазикот кој започнува од раѓањето на детето, негово правилно користење и постепеното формирање на комуникациските вештини, особено денес ,кога современата технологија( мобилните телефони, компјутерите, таблетите и сл) е се поприсутна во секојдневието на современото дете. Во тој поглед ќе продолжиме со особено внимание да работиме на усвојувањето и изградувањето на јазикот и комуникациските вештини и при тоа ќе наведеме дел од целите што планираме да ги реализираме со децата од 8 месеци до 6 години:

- развивање на јазички способности како основа за развој на сопствениот, националниот и културниот идентитет
- развивање на способноста за слушање и разбирање на говорниот јазик),
- развивање на способноста за правилно зборување,
- разбирање и доживување на јазикот,
- поттикнување на творештвото,
- негување љубов и позитивен однос кон книгите,
- негување на културата во говорната комуникација,
- слушање на различни литературни видови - проза и поезија од уметничката и народната книжевност,
- стекнување елементарни знаења за театарската и драмската уметност,
- воочување на елементи (звучни и визуелни) на одделни медиуми,
- оспособување за јасно зборување,
- почитување на правилата за културно однесување и сл.

## 4.5. КОГНИТИВЕН РАЗВОЈ И СТЕКНУВАЊЕ НА ОПШТИ ЗНАЕЊА

- развивање на способностите за размислување,
- развивање на љубопитноста и способностите за стекнување и користење нови информации,
- развивање на способности за активно решавање на проблеми,согласно со развојните и индивидуалните карактеристики,
- развивање на способностите за критичко размислување,
- формирање работни навики,
- развивање на самостојноста,вниманието,и истрајноста,
- збогатување на детското искуство со нови знаења,вештини,навики,умеења,
- развивање на математичкото мислење,



- стекнување сознанија за самиот сече и за човекот ,
- поттикнување љубов кон природата,
- поттикнување и развивање на логичното размислување,
- запознавање со карактеристиките на сообраќајот во непосредната околина
- развивање на интерес и љубов кон музиката,
- развивање на музички слух,
- развивање на интерес и љубов кон уметничкото и народното творештво,
- негување љубов кон татковината и националниот и културниот идентитет,
- развивање навики за култивирано пеење,

- запознавање со музички инструменти,
- развивање осет за ритам,
- оспособување на детето за доживување, спознавање и уживање во ликовната уметност
- негување и развивање на индивидуални творечки потенцијали,
- развивање на визуелната и тактилната перцепција,
- развивање способност за креативно изразување во боја,
- развивање способност за забележување, доживување, фантазија и способност за работа со различни ликовни материјали за моделирање итн.



## 4.5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ЈАСЛИ

Детските јасли како најорганизиран облик за згрижување на деца од 8 месеци до 24 месеци,ќе имаат за цел на децата од најмалата возраст да им обезбедат оптимални услови за растење и развој,правилна нега и исхрана,соодветна здравствена заштита, разновидни воспитно-едукативни активности низ кои детето ќе може да го открива и истражува светот околку себе, да ги открива и осознава своите можности и способности, да игра,да се социјализира,да комуницира и на тој начин да расте и да се развива. Во делот каде се сместени децата од најрана предучилишна возраст од 8 месеци до 2 год. постои предпросторија-тријажа со гардероби за детските ранчиња и облека и во тие простории,каде што се прави прием на децата,како и сместување на детската облека и ранчиња во гардеробите. Во тријажата, но и во останатите простории обрнуваме особено внимание на хигиено - здравствените услови за престој на најмалите, децата од 8 месеци до 2 години.. При приемот на децата секојдневно негователките имаат кратка средба со родителите и взаемно разменуваат информации за дневната состојба на детето, за забележителни промени во однесувањето, во навиките, во развојот, за времето на земање од градинка и други побитни информации. Занималната и тоалетот каде е сместен боксот за преповиткување , и во наредниов период ќе се одликуваат со чистота и хигиена на високо ниво, редовно ќе се проветруваат, постелината ќе се менува еднаш неделно а по потреба и почесто,, а целиот простор ќе настојуваме да биде сигурен и безбеден за слободно движење на децата без опасности од повреди.

За задоволување на потребата од храна на децата, изготвуваме секој месец посебна листа на јадења, со можност децата да имаат во исхраната млечни производи,месо, зеленчук и свежо овошје. Оброците за најмалите ги подготвуваме согласно најновите Нормативи за исхрана и стандарди за исхрана и оброци на децата во градинка( објавени во Службен весник бр. 151/18 од 3.05 2022 год. ) со цел да се обезбеди правилна исхрана ,со соодветна нутритивна вредност која ќе има придонес за правилен физички развој и здравје и имунитет на секое дете. На децата од јаслените групи ќе им обезбедуваме појадок,прва ужинка, ручек и

втора ужинка.  Со најмладите  во јаслените групи секојдневно ќе се работи на  елементарните навики за исхрана низ четирите оброци што ги добиваат секојдневно, посебно внимание ќе се обрнува  на личната хигиена, ќе се следи здравствената состојба на секое дете(од страна на вработените,со оглед дека градинката нема лекар)  и при  секоја промена (зголемена температура, дијареја, повраќање, и сл. ) ќе ги известуваме родителите .

Малите деца во првите години од животот имаат потреба од близок контакт со возрасна личност, квалитетна интеракција, комуникација, соодветна јазична стимулација, потреба да истражуваат во безбедна околина  и затоа се трудиме негователскиот кадар што работи со најмалите деца своите работни задачи да ги извршува  крајно професионално, со цел да се даде придонес во развојот на детето, детето да биде задоволно и спокојно за  време на престојот во градинка, но  и заради родителите кои треба да бидат спокојни и сигурни дека грижата за нивните деца е правилна и професионална.  Со децата од најрана возраст работат и дел од стручните работници ,пред се педагогот и психологот во градинката.

За правилниот психофизички развој на децата во најраната предучилишна возраст во текот на денот ќе  се организираат и одредени воспитно- игровни активности. Планирањето на месечните активности го прави педагогот и психологот на градинката при што се застапени активности од сите развојни домени. Реализираните активности секојдневно се евидентираат во Дневник за работа во јасли(хартиена форма).  Преку играта и воспитните активности ќе се делува на развојот на основните движења(седење, одење,одржување на рамнотежа, користење на деловите на телото), ќе се поттикнува фината моторика и можноста за ракување со предмети и играчки, ќе се делува на развивање на сетилните органи ,низ интеракција со другите деца и возрасните ќе се делува на социјалните вештини, на препознавање и изразување на емоциите, развивање на поимот за себе, ќе се поттикнува развојот на говорот, вербалната и невербалната комуникација,  ќе се запознаваат децата со предметите и појавите во природата, да ги именуваат и препознаваат, ќе се негува детската љубопитност за предметите и појавите што го опкружуваат, музиката ќе биде секојдневно присутна и сл.

Сите овие активности ќе бидат остварувани преку симболични функционални игри и игровни активности од сите домени, со кои се богати детското искуство, се развиваат движењата и говорот, а преку манипулативните игри со предмети ќе се поттикнува и сензорниот развој ,ќе се развиваат сетилните перцепции , ќе се делува на збогатување на детското сознание, детскиот речник и јазик, детскиот интелектуален потенцијал.

## 4.6.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ГРАДИНКА

За децата од постарата предучилишна возраст, од 2 до 6 годишна возраст ќе се обезбедуваат основните животни активности како нега, исхрана низ четири дневни оброци и тоа појадок и ручек и две ужинки, превентивно здравствена заштита, воспитно образовна работа, низ планирани дневни активности, игри, престој на отворено,прошетки и подготовка за поаѓање на училиште. Со децата над 2 години ќе се продолжи со формирање на навики и вештини, на поттикнување на социо- емоционалниот развој, на поимот за себе и за другите, но особен акцент ќе се става на подучувањето и учењето за се она што е дел од детското опкружување во природата и општествената средина, на развојот на јазикот , на комуникациските вештини збогатување и проширување на детскиот речник, проширување на речениците, самостојно искажување, на здобивање елементарни знаења од областа воведување во математика, елементарни познавања од ликовната уметност, музичката уметност, физичките и спортските игри и сл.

Играта е најчест облик на работа со децата, но и нивна животна потреба. Секојдневно ќе се применуваат разновидни игри за деца од предучилишна возраст- творечки, имитативни, дидактички, конструктивни, говорни, истражувачки, подвижни. Игрите се организираат према возраста на децата и траат онолку време колку што има интерес од страна на децата.

Современата рамка на играта ги нуди следните карактеристики и можности:

- Креирана е од страна на децата,
- Креирана е од воспитувачот со цел остварување на програмски цели и задачи,

- Овозможува поттикнување и стимулација за детскиот развој,
- Играта е можност за фокусирање на работата и процесот, а не на продуктот,
- Играта е можност за сопствен избор и реализација од страна на детето, а не од возрасните,
- Претпоставува активно вклучување и учество во играта на секое дете,
- Предизвикува индивидуална мотивација преку задоволството од играта и игровните активности,
- Предизвикува и овозможува интерес и забава.



Слободните игри и активности се најприроден начин на вклучување на децата во колективот и активирање со нешто што посебно ги привлекува а е поврзано со темата на денот и на неделата. Тие се изведуваат секојдневно и тука доаѓа до израз индивидуалноста на секое дете. Детето избира содржина, средства и катче каде ќе помине одреден период од денот и каде ќе ги изрази своите чувства, мисли, желби.

Планираните дневни воспитно-образовни активности и игри од страна на воспитувачот се исто така разновидни и тоа: перцептивно - моторни, откривачки, практично-животни игри и активности, творечки и креативни , игри и активности за резонирање, разбирање и пронаоѓање, откривање ,но и учење. Планираните активности најчесто се реализираат со сите деца, но се применува и групна форма на работа, па и индивидуална форма, воспитувачот подготвува матерјали за работа, нагледни средства, дидактички матерјали, ги средува центрите за игра и учење, а доколку временските услови овозможуваат овие активности се изведуваат и на отворен простор во дворот, но и во околината на градинката. Во

активностите можат да се вклучат и родителите, доколку сакаат да имаат рамноправен партнерски однос со градинката.

Секојдневно ќе се обрнува внимание на културно хигиенските навики и формирање позитивни навики и умеења кај децата, одржување на здравјето, културно однесување према возрасните и врсниците, спрема околината ,природата и сл.

Зачувувањето на природната и животна средина и правилниот однос кон неа е цел на еколошкото воспитување кое ќе го презентираме на крајот од програмата.Развивањето на еколошката свест, еколошки навики и правилен однос кон ѓивотната средина на децата,родителите и вработените е базата на која се потпира еколошкото воспитание во нашата градинка.

Работното воспитување кај децата воспитува позитивни социјално емоционални односи кон работата и развива елементарни работни навики и умеења, со активности сообразени на детската возраст.

**Ориентационен распоред на активностите во текот на денот во најмала предучилишна група од 8 - 24м**

| | |
|---|---|
| 1.Прием на децата и слободни активности до | 8,15ч. |
| 2.Подготовка за појадок и појадување | 8,15-9,00ч. |
| 3.Реализација на дневното планирање | 9,00ч. |
| 4.Тоалет | 10,00ч. |
| 5.Прва ужинка | 10,00-10,30ч. |
| 5.Слободни игри и активности | 10,30-11,15ч. |
| 6.Подготовка за ручек и ручек | 11,15-12,00ч. |
| 7.Пасивен одмор - спиење | 12,00-14,00ч. |
| 8. Миење раце и тоалет | 14,00-14,30ч. |
| 9.Втора Ужина | 14,30ч. |
| 10. Слободни игри и заминување на децата дома | 18,00ч. |

**Ориентационен распоред на активностите во текот на денот во постарите предучилишни група од над 2 до 6 год:**

| | |
|---|---|
| 1.Прием на децата и слободни активности до | 8,15ч. |
| 2.Утринска гимнастика | 8,15-8,30ч. |
| 3.Појадок | 8,30-9,00ч. |
| 4.Реализација на дневното планирање | 9,00-10,00ч. |
| 5.Прва Ужина | 10,00ч. |
| 6.Реализација на дневното планирање | 10,30-11,15ч. |
| 7.Прошетки,набљуд. и престој на чист воздух | 11,15ч. |
| 8.Средување на занималната | 11,45-12,00ч. |
| 9. Ручек | 12,15-12,45ч. |
| 10.Пладневен одмор | 2,45-14,30ч. |
| 11.Втора Ужина | 14,30ч. |
| 13. Слободни игри и заминување на децата до | 18,00ч. |

## 5. ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Целокупната воспитно-образовната работа со децата од сите возрасти во нашата установа ќе се планира и остварува според Програмата за рано учење и развој, со почитување на условите за работа, срединските услови во кои се наоѓа градинката, согласно икндивидуалните можнности и способности на секое дете, активностите во пошироката средина, актуелните настани и сл.

Планирањето како значаен процес во воспитно-образовната дејност на градинката, не само што ќе овозможи оптимално поттикнување на процесот на учење и развој на секое дете низ разновидни игри,содржини и активности,туку ќе овозможи следење на очекувањата и достигнување на сгтандардите кои треба да ги достигнат децата од домените на развој.

Планирањето и подготвувањето на воспитно-образовната работа за секоја воспитна група опфаќа:

- Долгорочно-годишно планирање,
- Среднорочно-тематско планирање и
- Краткорочно дневно планирање - дневен оперативен план.

Планираните и реализираните теми, содржини, активности, проектни активности, игри, прошетки, набљуденија, посети,средби,

еко -акции и се она што е дел од воспитно-образовниот процес во секоја воспитна група, воспитувачите сето тоа ќе го евидентираат.

Целокупното работење во воспитно-обгразовниот процес ќе продолжиме да го евидентираме во:

- Дневникот за работа на воспитната група.
- Дневникот за работа на воспитната група неколку години се води во хартиена и во електронска форма и тие се идентични и во
- Прозивник за евидентирање на редовноста на децата.

Начинот на кој ќе се реализира воспитно образовниот процес зависи од повеќе фактори - почитување на развојниот степен на децата, од интересите, потребите и предзнаењата на децата, условите за работа во градинката и креативната дидактичко-методска операционализација. Воспитувачите носат одлука за начинот на реализација на воспитно-образовниот процес со децата преку разновидни активности кои треба да бидат иницирани од двете страни - децата и воспитувачите. Долгорочното-годишно планирање и среднорочното-тематско планирање, го изготвува педагогот во соработка со воспитниот кадар и стручните соработници.

Исто така децата ќе имаат можност во рамките на воспитно образовниот процес да реализираат активности од областа на музичкото воспитување,од областа на здравствено и физичко воспитание, и изучување на англискиот јазик. Овие активности за работа со децата на месечно ниво ги планираат и реализираат стручни соработници.

**Согласно Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој ,како и Годишната програма за работа на градинката, улогата на воспитувачот, се состои во следното:**

- Да го следи детскиот развој индивидуално,
- Да ги почитува детските индивидуални разлики,потреби и предлози при планирање на воспитно-образовната дејност,
- Да обезбедува стимулативна средина во занималната , позитивна социо-емоционална клима, соодветна нагледност и матерјали за работа,
- Мотивирање на децата за различни видови активности и поддршка на учењето на децата преку планираните игровни активности,

- Поттикнување и поддршка на детската спонтана игра( слободните игри и активности),
- Остварување и градење партнерство со родителите,
- Тимско работење , соработка со стручните лица во градинката, изградување колегијална заедница во интерес на воспитно-образовниот процес во градинката,
- Соработка со градинки, основни училишта, стручни, научни,културни институции од пошироката околина,
- Водење досие на детето,
- Следење и вреднување на воспитно-образовниот процес, самовреднување, рефлексија,
- Оценување и евалуација,
- Обезбедување на континуитет и прогрес итн.

Во планот за реализирање на воспитно образовната работа со децата згрижени во нашата градинка ќе се работи на следното:

- Воспитна работа за нега на децата и создавање работни и културно хигиенски навики, преку навикнување на правилна употреба на приборот за јадење, правилно однесување за време на оброците, лична хигиена, обиди за самостојно облекување и соблекување,

- Воспитни активности за помагање на физичкиот развој на децата преку манипулирање со предмети, преместување, испуштање, додавање, совладување на основниоте движења, координираност на движењата и правилна ориентација во просторот,

- Активности во развој на говорот преку вокализација, имитирање на гласот на животните, кратки стихотворби, вежби за учење на нови зборови, мотивирање на децата за спонтан говор, запознавање со предметите и појавите од најблиската околина, интерес за средината и појавите во средината, истражување и осознавање ,основни математички поими, запознавање со еколошките појави, учење за опасностите во домот и средината и сл.
- Воспитни активности за развивање на љубов кон уметностите, кон музиката и ликовното творење , преку разновидни игри, игри со музика и пеење, звучни играчки, игри на имитирање , со сликање ,моделирање.

При планирањето на воспитно образовната работа перманентно ќе се планираат активности,цели и задачи и за остварување на следните елементи од детскиот развој:

- Поттикнување на развојот на способностите за стекнување на елементарни знаења и поими за природната и општествена средина;
- Развој на детската креативност во сите домени како животни,работни, откривачки, сознајни;
- Развој и поттикнување на детската чувствителност, љубопитност, радост, задоволство и богатење на детскиот емоционален живот, мислење, говор, фантазија;
- Развој на детската самостојност, индивидуалност, поимот за себе, соработка со врсниците и возрасните;
- Воведување во усвојување на општите и општествени норми на однесување кон себе, кон другите, кон природата;
- Поттикнување на развојот на еколошката свест и воведување на основните начела за зачувување на непосредната животна средина;
- Поттикнување и создавање навики за здравствената заштита преку грижата за лична и колективна хигиена, користење на природните фактори и правилна исхрана;
- Развој и формирање културно хигиенски навики;
- Поттикнување и создавање на работни навики кај децата како и вреднување на сопствениот и туѓиот труд;
- Поттикнување и развој на самостојноста, иницијативноста, способноста за воочување на проблеми и нивно решавање;
- Развивање на способности за правилно користење на ликовните материјали и самостојно творечко ликовно изразување;
- Развивање на музички способности, чувство за ритам, музичко помнење и сл.
- Формирање на основни елементи од моралниот лик на детето, развивање на чувство на другарство, пријателство, взаемна помош и соработка;
- Формирање на елементарна смисла за естетско доживување на уметноста и убавините на природата, развивање на фантазијата и творештвото.

Во текот на учебната година планираме да се разработат дел од следните теми:

- Мојата градинка
- Чисти рачиња, здраво дете
- Другарството е најголемото богатство,
- Мојата татковина Македонија се вика,
- Расни среќно и здраво, тоа е она право,,,
- Детска недела...Јас сум дете и имам права,
- Моите игри и игрите на мама и тато
- Есенско патување
- Јади здрава храна за детство без мана
- Ноември раскажува есенски приказни,
- Мојот град Скопје има роденден,
- Ден по ден ...И Новата Година ни иде...
- Волшебни новогодишни приказни,
- Празниците не радуваат и зближуваат( Нова година, Бадник и Божиќ)
- Во светот на бајките,
- Зима,зима...Животните во зима, птиците во зима...
- Зимски игри и радости, Зимски спортови
- Јас и моето тело,
- Моите емоции-твоите емоции
- Ова сум јас, а ова е моето семејство,
- Честит празник мила мамо,
- Земјата – дел од вселената,
- Во светот на животните и инсектите,
- Годината крие дванаесет приказни,
- Македонија – земја со култура и традиција,
- Македонија земја со природни богатства,
- Добро дојде пролет мила,
- Мали екологисти...И ние садиме цвеќиња и дрвца во нашиот двор,
- Играта на инсектите и птиците во пролет,
- 22 Април-Ден на планетата Земја,
- Сообраќај во нашиот град,
- Пролетни приказни од ...градините...барите...ливадите...
- Сонцето извор на животот,
- Ајде да патуваме, да летуваме,
- Летни игри и радости ,
- Хуманоста како вредност која треба да ја развиваме (тема која ќе се провлекува цела година)

За унапредување на воспитно - образовната работа и воопшто на предучилишната дејност, ние како установа ќе се трудиме да бидеме во тек со сите настани и активности кои ќе се случуваат во нашиот Град и Држава на ова поле. Ќе продолжи соработката со другите предучилишни установи,со Бирото за развој на образованието, Министерството за труд и социјална политика,Министерството за образование, Педагошкиот факултет, Филозофскиот факултет, Општина Карпош, Фондација за образовни и културни иницијативи “Чекор по чекор”, “Центарот за слух, говор и глас”и други организации и институции, УНИЦЕФ итн. Тука , би ги споменале и издавачките куќи кои имаат придонес во предучилишната дејност со своите манифестации, можностите за средби на децата од градинката со писатели и поети , нивните нови изданија со кои се богатат нашите библиотеки и придонесуваат за унапредување на дејноста, како Просветно дело, ЕдукаМак, Феникс, Светулка, Арс Ламина и други.

Освен играчките во секојдневната работа ќе се користат и работно игровни средства, нагледни помагала, дидактички материјал, конструктивен материјал кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на работењето. Во процесот на реализацијата на воспитно-образовната работа ќе се посветува внимание и ќе се користат и одобрените прирачници за индивидуална работа на детето, одобрени од МТСП , сликовниците, книгите за деца со кои располага библиотеката на градинката ,околината за набљудувања итн.

Во новата програмска година ќе продолжи обработката на сликовниците „РАЗМИСЛУВАЈ ЕДНАКВО„ кои се изготвени од страна на МТСП во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје и доставени пред 3 години до сите градинки. Целта на обработката на сликовниците е да дадат придонес во реализација на Програмата за рано учење и развој и социоемоционалниот развој на секое дете во градинките . Сликовниците ќе се обработуваат со деца на возраст од 3-4, 4-5 и 5-6 години.

Со децата од 4-5 г. и од 5-6 год. ќе продолжиме да работиме на Проектот :„ Учиме за собирање и рециклирање на маслото за јадење “- еколошки проект кој веќе 5 години се реализира со најмладите. Целта на Проектот е да се менува свеста кај децата и родителите за

собирање на маслото за јадење по негова употреба зошто истото може да се рециклира и повторно да се употреби како гориво.

Современите тенденции на предучилишното воспитание и образование ќе бидат постојано следени а со оглед дека тие имаат и национален проиритет, ќе овозможуваат воспитно-образовниот процес да дава еднаква можност за сите деца, можности за примена на современите дидактичко-методски пристапи во работата со децата, воспитувач кој поттикнува и подучува, создавање стимулативна и креативна средина, нови можности за соработка со семејството , нови идеи за вклучување и соработка со локалната заедница.

## *6. СТРУЧНО ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА*

### 6.1. Здравствена заштита на децата

Здравствената заштита на децата во предучилишната установа има превентивна улога, но е составен дел на основната здравствена заштита. Примарна цел на здравствената заштита во градинката е да му се овозможи на секое дете правилен физички и психички развој. За таа цел целокупната превентивна здравствена заштита во градинката ќе биде грижа и обврска на сите нас вработени, а преде се директорот ,медицинската сестра и воспитно-негователскиот кадар.

Превентивните мерки на планот на здравствената заштита и во наредната програмска година ќе се однесуваат на санитарно хигиенскиот надзор, контрола и надзор на исхраната, следење на растењето со антрополошко мерење на тежината и висината два пати годишно, развитокот и здравствената состојба на децата, спречување на појава и ширење на заболувања кај децата, превенција во несреќни случаи и воспитно здравствена работа.

Во градинката во изминатите 13 години работеше стоматолошка ординација со доктор – стоматолог ,кој секојдневно се грижеше за состојбата на запчињата на децата кои ја посетуваат нашата градинка. Меѓутоа, стоматологот повеќе не работи во нашата

градинка,така што се надеваме дека  во идниот период ќе се обезбедат финансиски средства и ќе добиеме согласност за вработување на  стоматолог.

Во градинката нема  лекар по општа медицина кој би се грижел секојдневно  за здравствената состојба на децата,  и кој  би ги вршел систематските прегледи на децата од сите возрасти, како што е предвидено со Законот и Досието на детето.

Сите вработени во градинката редовно вршат санитарни прегледи еднаш годишно, а од кујна, јасли , магационерот и возачот, два пати во годината.

На секои 24 месеци сите  вработени  вршат и комплетен систематски преглед.

**Санитарно хигиенски надзор**

- Хигиена во просториите и хигиенски услови за работа,
- Примена на дезинфекциони средства,
- Контрола на просториите во кои се чува и готви храната,
- Хигиена на санитарно хигиенски јазли,
- Чување на чиста и перење на извалкана постелнина и облека и peглање на истата,
- Хигиена  и дезинфекција на играчките со кои играат децата,
- Дезинфекција, дезинсекција и по потреба дератизација.

За следење на санитарно хигиенските услови во градинката се формира  Комисија составена од 3 члена. Комисијата  ќе врши надзор на хигиената во градинката  и за состојбата со хигиената во писмена форма ќе го информира директорот.

**Контрола и надзор на исхраната**

- Планирање и набавка на прехрамбени производи,
- Составување листи за јадење за најмала предучилишна возраст и постара предучилишна возраст,
- Следење на процес на приготвување и дистрибуција на храната,
- Следење на конзумирање на оброкот,
- Укажување стручна помош во поглед на исхраната на одделни деца кои имаат проблем со исхраната.

**Следење на растењето, развитокот и здравствената состојба**

- Прегледи од логопеди од Завод за рехабилитација на слух,говор и глас Скопје,
- Прегледи на очите и видот,
- Анамнестички податоци - мерење на телесната тежина, висина ,од страна на педагогот по физичко воспитување и друго

**СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА**

- Контрола на имунизација,
- Откривање на болни деца и нивна брза изолација,
- Давање итна медицинска помош во случај на изгореници, туѓо тело во дишните патишта, задушување со храна и сл,
- Давање совети на децата, вработените и родителите.

**Превенција во несреќни случаи**

- Контрола на електрични инсталации
- Контрола на против пожарни инсталации,
- Контрола на громобранската инсталација,
- Контрола на обезбеденоста на опасни места како радијатори, скали, прозорци, врати, остри рабови од мебелот и сл,
- Отстранување и одземање на опасни предмети,
- Контрола на играчките од градинката и дома со кои играат децата.

**ЗДРАВСТВЕНО- ВОСПИТНА РАБОТА**

- Здравствено воспитни предавања на децата, вработените и родителите од страна на стручни лица од градинката, од родители и од институции ,
- Обрнување особен акцент на усвојување на навиките за лична Хигиена кај децата.

## *6.2. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ*

Во поглед на јавната и културна дејност , градинката Распеана Младост ќе реализира бројни активности како дел од програмските цели и задачи, со цел подобрување на воспитно-образовните резултати, за поголема отвореност на градинката кон родителите и средината, за презентација на остварените резултати, за поквалитетна комуникација и соработка со родителите и семејствата и со пошироката заедница, а сето тоа во интерес на севкупниот развој и изградување на детската личност.




Јавниот и културниот живот во градинката е организиран и планиран во соодветните планови за:

- Соработка со родителите,
- Соработката со детските градинки од нашата Општина ,од град Скопје и пошироко, со основни училишта, со јавни претпријатија, фирми,научни и културни институции
- Организирање (следење и учество ) на различни манифестации, приредби и прослави.



Јавната и културна дејност ќе им овозможи на децата кои престојуваат во Установата да се вклучат во разни прослави, приредби, јубилеи, и други манифестации кои се организирани од Центарот за ликовно творештво на младите, Сојузот за грижи и воспитување на децата, Детскиот културен центар, Детскиот креативен центар, Општина Карпош, Градот Скопје и др.

## СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Родителите како корисници на услугите на градинката, како наши партнери во поттикнување на развојот, растењето, воспитувањето и подготвувањето на децата за вклучување во натамошното образование и како дел од локалната средина,имаат значајно место и улога во работењето на градинката и во воспитно-образовниот процес. Тие се најзаинтересираната страна во остварувањето на квалитетно,современо воспитание и образование на своите деца. Покрај законската обврска функционирање на Совет на родители во градинката и учество во работата на Управниот одбор, соработката помеѓу градинката и родителите и во наредниот период ќе произлегува од Програмата за рано учење и развој. Соработката со родителите и квалитетната комуникација на релација воспитувач(градинка) -родители , бидејќи тоа е услов, но и значаен фактор за обезбедување правилен и оптимален развој и учење на детето.

Покрај можноста за учество во креирањето на Годишната програма на работа на градинката,родителите ќе имаат можност да се вклучат непосредно во воспитно-образовниот процес со децата( во реализација на теми,прошетки,посети, изработка на дидактички средства и матерјали и сл.), во реализација на дел од планираните содржини( активности со децата ), заедничко подготвување на прослави,приредби, излети и сл.

Во Програмската 2024/25 година ќе планираме и реализираме повеќе форми на соработка на градинката со родителите и тоа:

- Меѓусебно информирање ( усно и писмено, огласна табла, социјални мрежи, комуникација за постигањата и напредувањето на детето, и сл.)
- Индивидуални разговори и консултации,
- Родителски средби-општи( во втората половина од септември, а по потреба и во текот на годината) и групни родителски средби,
- Изложби на детски цртежи и изработки
- Работилници со заедничко дружење на родителите (по повод испраќање на есента, Нова Година,8 Март, Велигден и сл.)
- Прослави и приредби ( по повод Нова Година ,8 Март, Априлијада, Збогум градинке )
- Покана и присуство на родителите на стручни предавања,
- Организирање и реализирање на предавања од страна на родители за родителите и семејствата , на различни теми( здравствени, психолошки и други едукативни предавања) ,
- Вклучување на родители во секојдневни активности во воспитните групи , во активности, заеднички посети, излети и други форми на соработка.

Реализацијата на Планот за соработка со родителите ќе се остварува на ниво на Градинка. Секако, воспитувачите и неговаттелките ќе остваруваат најголем обем на соработка, но, во процесот на соработка ќе бидат вклучени и директорот, стручните работници и соработници и администрацијата.

## СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ДЕЦА И РОДИТЕЛИ

Со оглед на динамичните и брзи промени во современото општество, се поголемата зафатеност на родителите со обврските на работните места, неможноста доволно да им се посветат на своите деца , да го следат нивниот развој но и да најдат одговори на бројни дилеми во врска со развојот на детето, се поголемата потреба на родителите и семејствата да комуницираат со стручните лица во градинката, да се консултираат, да разменуваат искуства, се повеќе ја наметнува потребата од формирање на Советувалиште за деца и родители и во нашата градинка. Согласно член 169 од Законот за заштита на деца во градинката има можност да се формира советувалиште за деца и родители, така што во текот на оваа програмска година , планираме да отпочнеме со постапка за формирање и да изготвиме План и програма за работа на Советувалиштето.

Мотото од кое ќе појдеме е „Заедно до подобро Родителството и посреќно дете„.

Планираме примарна цел на Советувалиштето да биде продлабочување на довербата помеѓу градинката, родителите и семејството, едукација на родителите и поттикнување на активно родителство. Во тој поглед ,Советувалиштето ќе има за цел:

- Во интерес на децата, родителите , семејството и градинката да станат партнери и заеднички да ја градат иднината на детето,
- Советувалиштето да им обезбеди подршка на децата, да се спознаат себеси, да се прифатат себе си, да го истражуваат сопственото опкружување , да изградуваат однос на разбирање и толеранција,
- Да им помогне на родителите во извршување на нивната родителска улога, зошто и родителството се учи и не секогаш е едноставно да се најде волшебна формула или прирачник од кој ќе се прочита за родителството,
- Советувалиштето би требало да помогне во продлабочувањето на соработката со семејството, преку комуникација, разгледување и анализирање на одредени проблеми поврзани со детето и детскиот развој, но и проблеми во семејството,
- Рализира на едукативни работилници,
- Реализирање на обуки, на советувања со теми од интерес за децата, специфики на детскикот развој и сл.

## ПРОСЛАВИ И ЈАВНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Во Јавната установа традиционално ќе бидат организирани приредби и прослави во чест на сите позначајни датуми ,празници, настани од нашето општествено живеење:



- **8 Септември**, Ден на независноста и сувереноста на Република Македонија,
- **22 Септември**-Меѓународен ден без автомобили,
- **4 Октомври** – Меѓународен ден на заштита на животните,
- **Детската недела** –која традиционално се одржува во првата полна недела на месец Октомври. Во рамките на Детската недела 2024 планираме да ги реализираме следните активности со децата и за децата:

**Понеделник 07.10.2024**

- **Уредување на дворот со балони и големи хамери со детски цртежи пораки за детските права, по повод Детската недела**
- Разговор со децата на тема : дете, правата на детето, местото и улогата на детето во домот,во градинка....
- Традиционални игри и цртање на плочникот во дворот на градинката (секоја група ќе има определен временски период и простор за цртање).

**Вторник 08.10.2024**

- **Децата низ детските очи- Моите права ( цртање на децата во занималните со истакнување и изложба на детските творби во дворот на градинката)**
- **Мини олимпијада : „Со спорт до здравје и здраво дете„** (спортски игри, секоја група поединечно)

**Среда 09.10.2024**

- **Следење на театарска претстава :** во изведба на актери од Триангл плус.

**Четврток 10.10.2024 год**.

- Посета на ЗОО , Дино паркот, Градскиот парк и блискиот парк со детско игралиште ( делење листови со пораки за детските права со детски цртежи нацртани од децата)

**Петок 11.10.2024 год.**

- **„ДЕЦАТА и КНИГИТЕ„** - Средба со детски писател ,разговор во дворот на градинката со децата од 4-6 години
- Цртање впечатоци од средбата со писателот
- Секое дете носи во градинка по една сликовница или книга за библиотеката во занималната .

Активностите во текот на Детската недела можно е да ги збогатиме и со други активности и манифестации ,што би можеле да произлезат од планирани активности на Општината, на Градот, на Детскиот културен центар и други институции.

- **11 Октомври** - Ден на востанието на македонскиот народ ,
- 16 Октомври- одбележување на Светскиот ден на храната( активности со децата за храната, предавање за здрава храна од стручно лице- нутриционист, хуманитарна акција, работилници во градинките...)
- 23 Октомври Ден на македонската револуционерната Борба (активности во занимална, читање ,раскажување...)

- **13 Ноември** - Ден на ослободувањето на нашиот град,со учество на традиционалната манифестација Гоградиме нашиот град,во организација на Детскиот културен центар Карпош, изработка на макета на градот, цртање од децата од 3-6 години на тема: Те сакам Скопје,прошетки во околината,посети на културни објекти)
- **Збогум есен мила**...традиционална Есенска свечаност по повод заминувањето на годишното време есен со куклена претстава за децата **„Есенска приказна** „,подготвена од воспитувачите и стручните лица, како и попладневна работилници и дружење со родителите, децата и персоналот , на тема : „**ДА ГИ ОЖИВЕЕМЕ ЕСЕНСКИТЕ ПЛОДОВИ „ .**



- Одбележување на **Новата година**, со весела новогодишна театарска претстава и со предновогодишни работилници со учество на родителите за изработка на честитки,новогодишни украси, китење на елката и на занималната,
- **8 Март** - Меѓународен ден на жената, приредба на децата од најголемите групи пред другарчињата од помалата возраст, правење честитки за мама, попладневно дружење на децата со татковците за изработка на честитка за мама, мајки- гостинки во занималните и сл.



- **22 Март** - Ден на Пролетта и Ден на екологијата, со еко-акција за уредување на дворот,садење на пролетни цвеќиња и дрвца



- **1 Април** – Весела детска Априлијада за одбележување на денот на шегата, со учество на децата од нашата градинка и првачињата од најблиското училиште, ден на шегата и забавата,

- **Одбележување на Велигден**, со активности за запознавање на децата со традицијата и обичаите во нашата Татковина, фарбање велигденски јајца, Велигденски базар во дворот на градинката( продажба на колачи и украсни предмети во хуманитарни цели)
- **24 Мај** – Денот на просветителите Кирил и Методи (Учество на манифестацијата „Цртање на асвалт“ организирана од ДКЦ Карпош

- **Мај-Јуни завршни приредби „Збогум градинке“** ( испраќање на идните првачиња во училиште),
- **26 Мај**-патронен празник на градинката(44 години постоење)
- Учество со детски творби на сите ликовни конкурси во Општината, Градот, Републиката и пошироко.

Соработката со локалната самоуправа, општествената средина и стручните институции ќе биде задача која континуирано ќе се остварува.

Во програмската година што следи ,планираме да се реализираат и повеќе посети и средби на децата ,во рамките на реализацијата на воспитно-образовниот процес . Посетите и средбите ќе бидат организирани согласно планираните програмски цели и задачи,согласно темите и содржините, интересите на децата и секако, со согласност од страна на родителите.

## ПОСЕТИ ,ПРОШЕТКИ И СРЕДБИ



- Посета на Градскиот Парк, ЗОО градината, Дино Паркот,
- Посета на Драмскиот театар,
- Посета на Националната опера и балет,
- Посета на нашата Општина и Градоначалникот,
- Посета на музеите во Градот(Музеј на Македонија, Музеј на град Скопје и др.) ,
- Посета на Планетариум

- Посета на Природонаучен Музеј,лоциран во близина на градинката,
- Посета на Старата скопска чаршија,
- Посета на Ботаничка градина( гарден центар во близина на градинката)
- Посета на блиско тениско игралиште,
- Посета на Хидрометеролошки Завод,
- Посета на библиотека,
- Посета на Жито Лукс( Специјал...)
- Посета на занаетчиски дуќани,
- Посета на Противпожарна станица,
- Посета на полициска станица,
- Посета на занаетчиски дуќани,
- Посета на пазар,
- Посета на археолошкото наоѓалиште Скупи,
- Посета на најблиските основни училишта,средба со првачињата од нашата градинка и заеднички активности,
- Средби со родители на нивни работни места,
- Средби со луѓе од јавни професии( актери, писатели, илустратори, спортисти,доктори и сл.) .

## СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА СРЕДИНА

Соработката со пошироката средина , со бројните здравствени, образовни,културни, научни и други институции во нашата Општина, во Градот и пошироко е составен дел од програмата и целокупната дејност на градинката, така што и во наредниот период ќе и посветиме целосно внимание .

Заради непречено функционирање на програмските активности, на целите и задачите што произлегуваат од воспитно-образовната работа со децата и воопшто од целокупното работење на нашата градинка, и во наредниот период ќе оствaруваме соработка и комуникација со надлежните институции: Општината, МТСП, МОН,Бирото за развој на образованието.

На планот на соработката со воспитни и образовни установи и институции ќе продолжиме да соработуваме со детските градинки од

нашата Општина, но,  и од Градот и Републиката,  со основните училишта лоцирани во близина на нашите објекти( ОУ Христијан Тодоровски Карпош, ОУ Вера Циривири Трена и ОУ Аврам Писевски, но и со останатите), потоа со Филозофскиот факултет, група Педагогија, Психологија, Дефектологија, со Педагошкиот факултет Климент Охридски,  со кои соработуваме и на стручен план во рамките на стручното усовршување на кадарот, но и  заради студентите, идните воспитувачи, кои се обврзани да остваруваат педагошко -методска практика во предучилишните установи.

Во текот на оваа година а и во наредните години  во градинка ќе бидат примани и деца со пречки во развојот, така што,  со цел да им излеземе во пресрет на родителите и семејствата и да  им ја олесниме секојдневната грижа за нивните деца   ќе продолжиме да соработуваме со Заводот за ментално здравје, Детската клиника, Центарот за слух, говор и глас, Здравствен дом Скопје, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на Град Скопје, со Центри за деца со аутизам и други пречки во развојот итн.

Исто така, и во новата програмска година ќе продолжи соработката со театрите во нашиот Град, со Музеите, со Детскиот културен центар Карпош, со Младинскиот културен центар и Планетариумот, со Друштвото на ликовните  педагози на град Скопје, со библиотеката Другарче, со издавачките куќи: Просветно дело, Феникс, ЕдукаМак, Топер и со други .

Во Програмската 2024 / 2025 г. ќе ја продолжиме соработката со Приватната установа за деца Центар за ран детски развој Монтесори од Скопје и со ОУ „Вера Циривири Трена „ на планот на соработка на градинката и основното училиште во поглед на транзиција на децата од градинка во основно училиште и  на  развој на компетенциите на рефлексивни практичари за процесот на транзиции помеѓу градинките и училиштата.Во изминатите 3 години споменатата тема ја работевме како соработници на Монтесори центарот во  Проектот Еразмуз +,а во интерес на темата и во наредниот период  ,ќе продолжиме со соработка  токму заради одржливост и потреба од поквалитетна соработка меѓу градинките и училиштата од локалната средина.

Годинава во рамките на соработката ни се придружуваат и детската градинка „Орце Николов„ и ОУ„Христијан Тодоровски

Карпош„.Во текот на целата година сме отворени за соработка со продолжување на претходно договорените активности од проектот.

Во соработка со фирмата СУНИЛЕНС и во наредната програмска година ќе продолжи проектот: „Учиме  за рециклирање на отпадно масло за јадење''. Во текот на годината планирано е да се реализираат четири работилници со децата од 4 до 6 години , а за реализираните активности -работилници ќе ги известуваме Сунcourses и   родителите на децата



Приредбите, прославите, детските манифестации, посетите и соработките кои се планира да бидат организирани во текот на годината,  ќе бидат резултат на континуираната и систематска работа со децата што произлегува од Програмата за рано учење и развој и од  Годишната програма за работа , а истите ќе се организираат на начин кој ќе биде условен од потребите на воспитно-образовниот процес, од согласноста на родителите, од активностите на институциите со кои соработуваме итн.

## СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКАТА И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

Континуираниот професионален развој е дел од секоја професија и е дел од концептот за доживотно учење. Современото општество и бројните промени што се случуваат под влијание на научните и технолошките достигнувања ,како императив на секоја професија ја наметнуваат потребата од перманентно учење и од професионален развој ,со цел да се одговори на промените и да се биде дел од промените . Промените се процес, а не случувања, а секоја индивидуа е носител на тие промени.

За да може да се организира современ и квалитетен воспитно-образовен процес во секоја детска градинка стручните лица- воспитувачи, негователки, педагози, психолози и другите, треба да ги следат и запознаваат најновите стручни и методички сознанија и достигнувања од областа на педагогијата, психологијата, технологијата, екологијата, науката и другите области на човековото живеење.

Професионалниот развој е процес на усвојување на нови информации и успешно соочување со новите ситуации во секојдневната пракса и во работата со децата, но и со родителите, со заедницата .

Професионалниот развој на воспитно образовниот кадар претставува постојан процес на промени, напредување, усовршување кое се потпира на базичното формално образование и професионално усовршување во текот на работата. Од посебен интерес е перманентното усовршување или доживотно учење.

### ПРОФЕСИОНАЛНА ЗАЕДНИЦА

Во програмскиот период за 2024/2025 год. во Градинката ќе продолжи да работи професионалната заедница на воспитувачи,негователки ,стручни работници и соработници и останати вработени, согласно план за професионален развој и бројни активности од значење за воспитно-образовниот процес, како и за професионалниот развој на давателите на услуги, а во интерес

на поквалитетно предучилишно воспитание и образование во градинката „Распеана Младост„

Професионалниот развој и неговото перманентно остварување од страна на Градинката и на секоја индивидуа која е дел од стручниот кадар има за цел обезбедување на квалитетно воспитание и образование на детето во најраниот период од неговиот живот. Кога зборуваме за квалитетна педагошка пракса пред се мислиме на тоа дека на секое дете во нашето современо општество , му е неопходно квалитетно воспитание и образование со цел да ги развива своите потенцијали , внатрешни сили и вештини на полето на интелектуалниот, моторичкиот, емоционалниот и социјалниот развој и да може да одговори и да биде дел од промените и предизвиците на современот општество.

Врз основа на изработениот Личен план за професионален развој од страна на стручниот кадар во градинката, активностите на полето на професионален развој и стручно усовршување ќе ги насочиме кон подобрување на компетенциите на стручните лица.

Во програмската 2024/2025 година, професионалната заедница че работи согласно следниот план:

- Договор и уредување на просторот во влезовите ,занималните и салата соодветно а по повод почетокот на новата прогамска година.(крај на месец август),
- Договор и уредување на амбиентот во градинката по повод доаѓањето на есента,
- Реализирање на едукативни стручни предавања од страна на директорката, психологот и педагогот по физичко воспитување,
- Договор и реализирање на подготовки за презентирање на куклена претстава на децата,по повод испраќање на есента: „Есенска приказна„,(реализација кон крајот на ноември),
- Договор, изготвување на новогодишни украси,слики и др.матерјали за уредување на амбиентот во градинката по повод Новогодишните празници,
- Реализација на обуки со овластени обучувачи,

- Договор за реализирање на програмски активности во вториот дел од програмската година ( 8 Март, Априлијада, Велигден, Завршна приредба и други активнсоти .

Колегиумот на негователки во текот на годината ќе одржи неколку состаноци - колегиуми. На овие колегиуми ќе се разработуваат теми поврзани со секојдневната работа со децата и проблемите кои сите не засегаат. Колегиумот во месец Септември е договорен и на него се договараме што ќе работиме во месеците кои следат. На останатите колегиуми ќе се реализираат содржини кои се интересни и во дадените околности актуелни и предизвикуваат интерес кај вработените. На овие колегиуми ќе поканиме и стручни лица како предавачи претежно со медицински и здравствени теми.

Колегиумот на воспитувачи исто така има предвидено состаноци - колегиуми во текот на годината. Кон крајот на месец август на стручна средба со воспитувачките се направи договор за отпочнување на новата програмска година, се направи план за работа на професионалната заедница, договор за прва опш та родителска средба, за ликовно-дидактички матерјал набавен за работа на децата, се разгледа Годишниот извештај и Годишната програма за 2024/2025 и се дискутираше за претстојните активности на ниво на градинка за наредниот период.

Во рамките на планирањата за работа на Стручните колегиуми значителен придонес ќе дадат стручните работници и соработници. Планирањето на целокупната воспитно-образовна работа се однесува на планирање на потребните ресурси, субјекти, содржини, средства, време, услови кои придонесуваат за реализација на поставените цели. Овој дел е многу важен од причина што токму преку планирањето се прави конкретна, реална поврзаност на програмските барања на предучилишното воспитание и образование и стандардите за рано учење и развој.



Освен колегиумите на воспитувачите и неговетелките во Јавната установа работат и заеднички служби кои вршат управно правни, кадровски, финансиски и технички работи. Ќе се следат сите новини од материјално финансиско работење и навремено изготвување на сите извештаи и сметки кои ги бара Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Бирото за развој на образованието, Општина Карпош, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерство за здравство и други институции.

Во продолжение следат Планот и програмата на Директорот стручните работници и соработници.

## *7. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ, СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ*

### 7.1. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Директорот на Градинката ,како Орган на раководење, своите програмските активности, работни обврски, одговорности и целокупното работење ќе ги планира и насочи кон севкупниот развој и целокупната дејност на Градинката, почитувајќи ги при тоа законските и подзаконските акти : Законот за работни односи, Законот за заштита на децата , Статутот на ОДГ "РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош – Скопје, Годишната програма на Градинката, Законот за извршување на Буџет , правилници што произлегуваат од Законот за заштита на децата и од други закони .

Заради што поуспешно извршување на својата одговорна функција Директорот и во наредната година 2023/2023 г. ќе реализира бројни работни задачи и активности од следните области на работа:

- Планско-програмерска функција,
- Организаторска функција,
- Функција на водење,
- Евалваторска и истражувачка функција,
- Педагошко-инструктивна функција и
- Советодавна функција.

Раководната функција и работните задачи Директорот ќе ги остварува пред Управниот одбор на градинката, Стручниот Совет, Советот на воспитувачи, Советот на негователки,Советот на родители, Општината, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и други надлежни институции.

Во Програмската 2024/25 година, Директорот ќе ги реализира следните програмски активности од делокругот на своето работење:

- Учество во планирањето и програмирањето и во реализацијата на Годишната програма за работа на детската градинка ,која се усвојува од Управниот Одбор, од Советот на Општина Карпош,

а потоа се доставува до Бирото за образование и до Министерството за труд и социјална политика,

- Учествуво во изготвувањето, на крајот на годината , на Годишниот Извештај за реализираните активности и остварените резултати од работењето на градинката и истиот ќе го презентира пред Советот на родителите, пред Управниот одбор и Советот на Општина Карпош, а потоа истиот се доставува до Бирото за образование и до МТСП,
- Ќе ја планира и програмира работата на стручните тела во градинката и ќе раководи со состаноците на истите ( Стручен совет, Совет на воспитувачи, Совет на негователки)
- Ќе учествува во подготвувањето на седниците и на матерјалите за работа на Управниот Одбор и Советот на родителите со правната служба,
- Одговорно ќе ги извршува одлуките на Општината и на Управниот Одбор поставени пред градинката,на МТСП и сл,
- Секојдневно ќе се ангажира околу создавањето услови за работа на градинката ,на вработените, за непречено остварување на згрижувачката (нега, исхрана) и воспитно-образовната дејност на градинката, за остварување на правилен развој на децата и грижа за децата.
- Ќе го следи остварувањето на планираните цели,задачи и активности од Годишната програма за работа,
- Ќе реализира активности поврзани со одржување на објектите, навремена поправка на зградите,на опремата, мебелот, детските реквизити и сл,
- Согласно пројавените потреби ќе организира навремена набавка на опрема,матерјали за поправки, на ситен инвентар, играчки, дидактички и нагледни средства и сл.
- Ќе учествува во изготвувањето на Годишниот финансов план и Планот за јавни набавки и истите ќе ги презентира пред Управниот Одбор и Советот на Општината,
- Директорот во интерес на своето работење и работењето на градинката ќе ги почитува Законите, законските акти, стандардите и нормативите на работење,
- Перманентно и одговорно ќе ги следи промените во законската регулатива , промените во дејноста, во финансиските и во другите области а кои се поврзани со остварувањето на дејноста на градинката со цел благовремено реагирање и

обезбедување на потребните услови за непречено функционирање на градинката.Посебна грижа на директорот претставува воспитно образовната дејност, унапредување на истата, примена на современи форми на работа и сл.

- Непосредно раководи и ќе ја организира работата во Јавната установа, согласно законите и Правилникот за начелата за внатрешната организација на детската градинка,
- Ќе се грижи за подобрување на општите услови за работа - простории ,опрема, детски реквизити, возилата и сл.
- Ќе работи на подигнување на квалитетот на воспитно образовната работа и згрижувачката работа со децата преку следење, разговори, консултации,советодавна работа,
- Активно ќе учествува во формирањето на воспитните групи ,
- Ќе раководи со стручните тела и ќе ја координира работата,
- Ќе врши посети на воспитните групи и на сите видови активности,
- Ќе учествува во планирањето, ќе ја следи и ќе учествува во реализацијата на јавната и културната дејност на градинката и во реализацијата на јавните манифестации,
- Перманентно ќе изготвува анализи, осврти, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализацијата на програмата за работа на установата,
- Ќе учествува во планирањето,координирањето, организирањето и мотивирањето на кадарот во поглед на стручното усовршување ,
- Ќе врши преглед на целокупната педагошка и здравствена документација,
- Ќе врши увид на финансиско, материјално административно работење на градинката,
- Ќе се залага за дисциплина и одговорност на вработените,
- Ќе организира и ќе остварува средби со родителите чии деца престојуваат во установата,
- Ќе раководи и учествува во планирањето и реализирањето на јавните набавки, ќе дава предлози и мислења за набавка на прехрамбени производи,опрема и ситен инвентар, за играчки и други матерјалик потребни за функционирање на градинката,
- Ќе се грижи за навремено обезбедување намирници и храна за децата, ќе го следи начинот на чување и складирање на

намирниците, начинот на подготовка на оброците за деца , квалитетот на оброците, консумирањето од страна на децата,

- Ќе се грижи за инвестиционо и тековно одржување на објектот, за реално планирање на потребите, за навремена поправка и отстранување на дефектите на зградите, опремата,возилата и сл.
- Ќе работи и ќе се грижи за создавање позитивна клима и квалитетни меѓучовечките односи меѓу вработените, решавање на проблеми и надминување на проблеми што се појавуваат во текот на работењето,
- Ќе остварува советодавна работа од стручен аспект, за подобрување на меѓусебната соработка и за поквалитетна соработка со родителите и семејствата,а воедно и ќе ја следи реализацијата на соработката со родителите ,
- Ќе соработува со детски градинки во Општината,во Градот и Републиката, на теми и прашања од функционикрањето на градинката,
- Ќе соработува со основните училишта на територија на Општина Карпош,
- Соработува со Управниот одбор и Советот на родители,
- Соработува со градоначалникот и ресорните одделенија во Општина Карпош,
- Соработува со Министерството за труд и социјална политика и Секторот за заштита на децата,
- Соработува со Бирото за развој на образованието, Педагошкиот факултет, Филозофскиот факултет, како и со другите структури во градот - издавачки куќи, хуманитарни организации, Сојузот за просветни работници на Македонија, Сојузот за грижи и воспитување на децата, Заводот за унапредување на домакинството на Република Македонија, Агенција за храна и ветеринарство, Организацијата на потрошувачите на Република Македонија , со јавни претпријатија, приватни фирми и др.

Соработува со Градот Скопје,

- Се залага за спроведување на Одлуките донесени на колегиумите и Одлуките донесени од страна на Управниот одбор и Советот на родители,

- Изготвува анализи, осврти, извештаи, информации и други стручни материјали за потребите на установата и по барање на стручните и надлежни институции,
- Ќе подготвува теми и презентации и ќе дава придонес стручното и професионално усовршување на воспитниот и негователскиот кадар,
- Ќе работи на сопственото стручно усовршување преку следење на стручна литература, учество на обуки, стручни средби,советувања и сл.форми на усовршување,
- Покрај споменатите програмски задачи и активности, во наредниот период Директорот ќе остварува  и други работи и работни задачи, согласно стручната подготвеност и согласно законските прописи и акти во Установата.

## 7.2. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ

Во програмската  2024/2025г. психологот ќе работи на следниве работни задачи.

Основните задачи на психологот се однесуваат на :

-  Превенција, рана детекција на отстапување од психо-физичкиот развој на детето,

- Едукација, советување, стручно усовршување и истражување.

-Ќе го следи психофизичкиот развој и индивидуалниот напредок на децата и ќе се грижи за нивниот развој преку проценка на психомоторниот, когнитивниот и социо-емоционалниот развој на детето (опсервација и следење на однесувањето во група, со примена на психодијагностичките техники и постапки).

-Ќе работи на рано откривање на децата со посебни потреби (потешкотии во развојот) како и откривање на отстапувања од очекуваниот развој.

-Ќе го следи секојдневното живеење и работа, дневната динамика и активностите.

-Ќе реализира индивидуална работа со децата со посебни потреби, индивидуални средби и разговори со нивните родители/старатели.

-Ќе работи на откривање на потенцијално надарени и талентирани деца.

-Работа со деца со адаптивни и развојни проблеми.

-Ќе ја следи адаптацијата и социјализацијата на децата, ќе осмислува и спроведува активности за поттикнување на позитивниот емоционален развој.

-Ќе планира и спроведува интервенција и помош на децата во надминување на стресни состојби - тага, болест, смрт, развод на родителите и др.

-Покрај работата со деца и воспитниот кадар, психологот посебно внимание ќе посвети и на работата со родителите.

Психологот ќе им биде достапен на родителите за индивидуални разговори и совети по потреба, за одредени специфични теми и проблеми со кои се соочуваат во поглед на развојот на детето.

-Ќе учествува во планирањето и реализацијата на воспитно-образовната работа со децата.

-Ќе спроведува советодавна работа со вработените во решавање на индивидуални, семејни проблеми со цел на зачувување на менталното здравје.

-Ќе соработува со надворешни установи и ќе работи на свое лично стручно усовршување, ќе следи и учествува во стручни работилници, семинари, обуки,трибини и др.

- Во план е реализација на две (2) стручни предавања од страна на психологот во текот на програмската година,

-Водење на документација за својата работа, прибирање, чување, проследување.

Психологот ќе учествува и  во организирање и реализирање, спроведување на програмските цели, приредби во организација на градинката, а во соработка со воспитниот кадар и стручната служба како и директорот.

## 7.3. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОГОПЕДОТ ВО ПРОГРАМСКАТА 2024/25 Г.

**Непосредна работа (со децата и соработка со воспитувачите, родителите/старателите)**

- Логопедски дијагностички постапки- утврдување на говорниот статус на детето т.е. проценка за веќе усвоените говорни вештини и способност за вербална комуникација.
- Спроведување тријажен тест кај секое дете поединечно во групите од 4 до 6 годишна возраст
- Логотерапија

-Логотерапијата ќе се изведува во групи од 4 деца со слични говорни проблеми во времетраење од 20 минути

-Развивање на јазички и комуникациски способност,

-Корекција и автоматизација на правилниот изговор на гласовите според вербалната и артикулациска метода,

-Усвојување на правилен ритам и темпо на говорот (рехабилитациски постапки кај пелтечење и брзоплетост во говорот)

-Воспоставување на оптимална висина и јачина на гласот кај детето, запознавање со принципи на хигиена на гласот,

-Развивање на слушна, видна перцепција, дискриминација, меморија на фонематски слух, просторна ориентација, координација на очи и раце,

-Развивање способности за говорно-јазична комуникација и комуникациски способности,

- **Соработка со родителите и старателите**

-запознавање со спецификата на говорно-јазичките пречкии со програмата за индивидуалната работа со детето, континуирана соработка во рехабилитацискиот процес, советување

- **Соработка со воспитувачите**

-Соработка при изработување на индивидуални рехабилитациски програми и континуирано следење и евалуација на постигнувањата на детето, тимска работа.

1. **Останати обврски и задачи на логопедот**

- Подготовки и следење на децата

-Изработка на индивидуални рехабилитациски програми,

-Изработка на помошен дидактички материјал за работа,

-Проценка на говорно-јазична состојба на детето

- Стручно усовршување

-Континуирано следење на стручна литература и новите трендови во областа на логопедијата и на сродни научни дисциплини,

-Учество на сите стручни собири и семинари, соработка со институции и здруженија кои се занимаваат со проблематиката на слухот и говорот.

## 7.4. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ

Се повеќе сме свесни за големата важност на движењето и физичката активност за правилен раст и развој на децата, како и за одржување правилна рамнотежа во организмот и здравјето воопшто, особено кај децата на предучилишна возраст. Поради тоа осмислив и ќе спроведам спортска програма за физичко здравје и моторен развој со квалитетно испланирани физички активности, правилно дозирани кои преку игра ќе се спроведуваат во текот на целата гдина.

Се планира активностите да се спроведуваат во холот на градинката,, Распеана Младост,, во дворот на градинката, како и во просториите и дворот на градинката ,,Виножито,, кои се прилагодени за извршување на планираните спортски активности. Се планира

посета и на спортки сали, спортски објекти, сала за гимнастика, затворен базен, тениски терени, атлетска патека, лизгалиште на мраз, посета и спроведување на активности во градскиот парк, возење велосипеди или тротинети... се со цел децата одблизу да се запознаат со изгледот, големината и сите справи и реквизити кои ги содржи и кои се потребни за тренирање на одредени специфични спортови, како и за мотивирање на децата во иднина да се занмаваат со одреден спорт рекреативно или професионално.

Се планира и посета на од страна на некој врвен наш спортист во просториите на градинката, со цел да ги запознае децата со карактеристиките на тој спорт како и за тоа како се станува успешен и познат спортист и кои способноси треба да ги развиваат за да можат да бидат успешни во спортот, за важноста на дисциплината и истрајноста во постигнување на врвни спортски достигнувања.

Се планира и учество на брјни настани на кои нашата градинка ќе биде поканета како и планирање, организирање и спроведување на одредени спортски настани во склоп на нашата градинка.

Основна цел на оваа програма за физичко здравје и моторен развој е поттикнување на целокупниот психофизички развој на детето вклучувајќи моторички, когнитивен, социјален и емоционален развој, односно стекнување на здрави навки за живеење. Освен развојната цел, оваа програма вклучува и усвојување и усовршување на основните кинезиолошки познавања од различни индивидуални и групни спортови и спортски игри кои служат како основен темел за можно занимавање со некој спорт во иднина.

Во склоп на современите истражувања од областа на ран детски развој, истите принципи се почитуваат и во доменот физичко здравје и моторен развој. Активностите кои јас како педагог во овој домен ке ги превземам се воспитно-образовни, но вклучува и набљудување и опсервирање на децата за нивното држење на телото како и рана детекција на можни аномалии во растот и развојот или искривувања и лошо држењ,е за да може да се посочи кај родителите и да се реагира на време. Секако овде спаѓа и рано откривање на талентирани деца и нивно усмерување понатаму во одредени спортови за кои се талентирани, но и мотивирање, поддршка и поттик на помалку талентираните. Програмата за физичко здравје и моторен развој се спровеудува во текот на целата година и се опфатени сите групи на деца од 2-6 годишна возраст со

по 2 часа неделно од по 30 минути за секоја група во објектот ,,Распеана Младост,, - Карпош и во сите возрасни групи од 2-6 години со по 2 часа неделно за секоја група во објект ,,Виножито,, - Бардовци.

Активности кои се планира да се спроведат во текот на целата година без разлика на временските услови и годишното време се:

-Запознавање со спортските игри (фудбал, кошарка, ракомет) и со основните елементи од истите

-Усвојување и усовршување на основните елементи од спортските игри ( фудбал, ракомет, кошарка)

-Запознавање со индивидуалните спортови - тенис, пинг-понг, гимнастика, атлетика, пливање, скијање и лизгање и со основните елементи од истите

-Усвојување и усовршување на основните елементи од индивидуалните спортови- тенис, пинг-понг, гимнастика и атлетика.

-Вежби за правилен раст и развој на децата и вежби за правилно - држење на телото - пилатес вежби.

-Вежби за превенција од искривувања на рбетот и стапалата

-Вежби за истегнување

-Вежби за зацврстување на мускулите на целото тело.

-Вежби за смирување и релаксирање на децата - јога вежби

-Вежби и игри за груб моторички развој, развој на сила, исдржливост, еластичност, рамнотежа и координација.

-Вежби и игри за усовршување на природните форми на движење: одење, одење со пречки, одење на прсти и пети, одење во сите правци - лево, десно, напред и назад, трчање, скокање и потскокнување, провлекување и лазење.

Вежби и игри кои вклучуваат користење на спортски реквизити: палки, топки во разни големини, јажиња, ленти...

Вежби и игри за развој на фина моторика

1.Вежби и игри со музика за развој на чувство за ритам како и усвојување на основни чекори од народни танци и ора, како и танци од други култури и јазични подрачја во светот.

1. Вежби и игри за поттикнување и развој на натпреварувачкиот дух, како и развој на тимската и екипна работа преку организирање групни и индивидуални натпревари.
2. Вежби и игри за стимулирање на интеграцијата на рефлексите како и за сензомоторен развој.

Активности кои се планираат во зимскиот период од годината:

1. Вежби, игри и спортски актив ности на отворено во дворот со снег: лизгање, игри со снежни топки, правење снешковци.

Активности кои се планираат во пролетниот и летниот период од годината:

1. Игри и вежби на отворено во дворот на градинката.
2. Натпреварувачки игри и полигни на отворено
3. Игри и натпревари на отворено со вода.

Во програмата е предвидено и видео презентации за запознавање на децата со карактеристиките на одредени спортови, особено на оние спортови за кои немаме погодни можности и услови да ги практикуваме во нашата градинка: скијање, пливање, уметничко лизгање, спортска гимнастика на справи, Инетерсни видеа согласно возраста на децата во врска со воздушни спортови: параглајдерство, летање со падобран и уште многу интересни теми.

Запознавање на децата со здравата храна, што е здрава храна, која храна е здрава која не е како и за тоа колку е важно здраво да се храниме за брз и правилен раст и развој и за здраво детство. Многу игри поврзани со здравата храна и здравите хигиенски навики.

Во текот на годината предвидено е да се извршат најмалку 2 антропометриски мерења на децата од сите возрасни групи: висина, тежина визуелен преглед на држењето на телото, рбетот, колената и стапалата како и детекција на евентуално лошо држење на телото или искривување во одредени делови на телото, во локомоторниот систем.

## 7.5. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПРОФЕСОРОТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК  во 2023/2024 г.



**Програма по англиски јазик за учебна 2024/25 година**

**(За работа со возрасна група од 3 до 4 години)**

| Месец | Тема | Цел |
|---|---|---|
| **Септември** | Поздравување на англиски | Запознавање на децата со англиски јазик преку песна и<br><br>Игра |
| **Октомври** | Храна | Да се оспособи детето на правилен изговор на зборови од храната. |
| **Ноември** | Бои | Преку игра,слика и песна децата да се запознаат со имињата на боите. |
| **Декември** | Зима и зимски празници | Запознавање на децата со зимата и зимските празници преку слушање на приказна на англиски јазик,песнички и гледање на видео   материјали. |

| | | |
|---|---|---|
| **Јануари** | Зима и зимски празници | Запознавање на децата со зимата и зимските празници преку слушање на приказна на англиски јазик,песнички и гледање на видео материјали. |
| **Февруари** | Животни | Преку слики,предмети и песни децата се занимаваат со имињата на секое животно. |
| **Март** | Моето семејство/ден на мајката | Претставување на секој член од семејството преку помошни средства (рачна изработка) и слушање песнички за семејството и мајката). |
| **Април** | Велигден | Претставување на празникот Велигден преку песна,игра и вокабулар соодветен за празникот. |
| **Мај-Јуни** | Ајде да броиме и играме | Децата преку музичката активност и нивната имагинација да ги замислат броевите. |
| **Септември** | Поздрави | Запознавање на децата меѓу себе и учење на поздравите преку игра и песна. |
| **Октомври** | Животни | Преку игра и песна децата ги учат животните и звуците кои ги произведуваат. |
| **Ноември** | Ајде да броиме и играме | Децата преку музичка активност и игра да научат да бројат од 1 до 10. |
| **Декември** | Магичната зима | Запознавање на децата со зимата и топлата облека која се носи во текот на зимскиот период. |
| **Јануари** | Празници | Запознавање на децата со зимата и зимските празници преку игра,песна и читање на новогодишна приказна. |
| **Февруари** | Вкусна Храна | Децата преку игра и песна се запознаваат со разновидноста на храна. |

| | | |
|---|---|---|
| **Март** | Моето семејство/Денот на мајката | Децата го учат секој член од семејството и учат песнички за денот на мајката. |
| **Април** | Велигден/Делови од тело/градина | Претставување на празникот Велигден преку песна,игра и вокабулар соодветен за празникот, како и претставување на деловите од телото. |
| **Мај** | Градина, виножито и бои | Преку слики и постери децата се запознаваат со поимите поврзани со градината. Одиме на прошетка во природа. Децата да се запознаат со боите преку цртање, игра, песна и предмети од занималната. |
| **Јуни** | Облека, животни, плодови, природа | Запознавање на децата со вокабулар од облека, животни, плодови и природата |

**Програма по англиски јазик за учебна 2024/25 година**

**(За работа со голема возрасна група)**

| Месец | Тема | Цел |
|---|---|---|
| **Септември** | Поздравување и претставување | Поздравување со поздравите и претставување. Учиме нови изрази кои ги користиме во секојдневието да искажеме наредба,да посакаме добредојде, да замолиме, или да се заблагодариме. |
| **Октомври** | Краток дијалог, бои и дневни активности | Целта е полека децата да започнат да го користат јазикот преку краток дијалог со своите другари на зададената тема. Децата го збогатуваат својот речник со нови зборови за боите преку игра и песна. Со децата зборуваме за дневните активности, раскажуваат како тие го поминуваат денот |
| **Ноември** | Броеви од 1 до 10 и азбука | Преку музички активности децата ги слушаат и учат броевите и азбуката. |
| **Декември** | Какво е времето? / Зимска облека | Запознавање на децата со поими за временските услови,за зима и топла облека која се носи во текот на зимскиот период. |
| **Јануари** | Празници | Запознавање на децата со зимата и зимските празници преку игра, песна и читање на новогодишната приказна. (Книги и видео материјали). |
| **Февруари** | Емоции и човечко тело! / Св. Валентин | Децата се запознаваат себе и своите другарчиња со емоциите и деловите од човечкото тело преку слики,песни и гестикулации. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Запознавање со денот на вљубените св. Валентин. |
| **Март** | Моето семејство/Денот на мајката | Децата учат за семејното дрво преку слика,песна, разговор,игра и приказна. |
| **Април** | Месеци и денови од неделата! / Велигден | Учење на месеците,деновите од неделата,годишните времиња и Велигден преку слушање приказни,песни и играње игри. |
| **Мај/Јуни** | Животни / На училиште | Запознавање на децата со различни видови животни и претставување на зборови за училиште преку игри,песни и приказна. Децата низ игра да се запознаат визуелно и сензуално со соодветниот вокабулар за училиштето и училишните предмети. Подготовка за приредба |
| **Јули-август** | Летна рекреативна програма | Запознавање на децата со вокабулар од летото. |
| | | |

## 7.7. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК ПО МУЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ 2024-2025 год.

Целта на музичкото воспитание е кај детето од најрана возраст да побудува и развива чувства и смисла за убаво во музиката, да ги поттикнува творечките музички способности кај децата:

- со применување на различни содржини и форми за работа,системско развивање на музичките способности,естетски однос кон музиката;
- преку музиката внесување на ведра атмосфера,радост и расположение кај децата;
- Задачи на музичкото воспитание;
- Кај децата да се побуди интерес за музиката;
- Да се развива желба за слушање музика,пеење песни,пеење и движење,свирење на детски музички инструменти;
- Да се оспособат децата за групно и индивидуално пеење;
- Да се развива осетот за мелодија,чувство за ритам и динамика;
- Да се поттикнат децата за слободни креирања и движења во зависност од текстот и музиката;
- Да се развива музички слух и помнење;
- Да се развива љубов и умеење за свирење на детски музички инструменти.

Во текот на годината стручниот соработник по музичко воспитание ќе учествува во работни групи, планирање и програмирање на годишните теми. Воедно ќе остварува индивидуална работа со згрижувачкиот и воспитниот кадар и децата во воспитната група, а посебно со талентирани деца.

Своето стручно усовршување ќе го реализира во установата и надвор од неа на семинари, предавања и др.

**Оперативна програма**

| месец | активности | соработка |
|---|---|---|
| септември | Добредојдовте другарчиња-создавање атмосфера за новодојдените другарчиња. | стручни работници<br><br>воспитувачи,негователи |
| | Слушање на химната на Р.Македонија-децата го доживуваат свечениот карактер на песната. | ,, |
| | Обработка на песна за културно хигиенски навики<br>- 22 септември ден без автомобили. | ,, |
| октомври | - повторување на песни за хигиена. | ,, |

| | | |
|---|---|---|
| | - работа со деца од постара предучилишна возраст. | |
| | Детска недела<br>- Песни за нашата традиција и нашиот фолклор. | ,, |
| | слушање на песни за есен. | ,, |
| | обработка на песни за есен. | ,, |
| ноември | Изучување на песни за мојот град. | ,, |
| | слушање на песни за мојот град. | ,, |
| | музичко подвижни игри. | ,, |
| | подготовки за есенска прослава. | ,, |
| декември | испраќање на есента во сите објекти. | ,, |
| | слушање на песни за зима. | ,, |
| | обработка на новогодишни песни. | ,, |
| | Дедо Мраз во нашата градинка. | ,, |
| јануари | зимски радости-песни за зима. | ,, |
| | музичко подвижни игри снегулки. | ,, |
| | фолклорни игри и песни поврзани со нашата традиција и празници. | ,, |
| | повторување на песни за зима. | ,, |
| февруари | Слушање музика. | ,, |
| | Обработка песни (сообраќај). | ,, |

| | | |
|---|---|---|
| | Музичко подвижни игри. | ,, |
| | Повторување на изучени песни. | ,, |
| март | обработка на песни за мајка. | ,, |
| | слушање на песни за пролет. | ,, |
| | одбележување на првиот ден на пролетта. | ,, |
| | обработка на песниза пролет. | ,, |
| април | Априлијада. | ,, |
| | свирење на ударни инструменти<br>обработка на песни за планетата. | ,, |
| | утврдување на песни за пролет. | ,, |
| | музичко подвижни игри. | |
| мај | слушање на песни за сообраќај. | ,, |
| | обработка на песни. | ,, |
| | Утврдување на песни за сообраќај<br>подготовки за завршните приредби. | ,, |
| | Завршни приредби. | ,, |
| јуни | концерт од изучени песни. | ,, |
| | збогум градинке со децата од постара предучилишна возраст. | ,, |
| | концепт за песни во летниот период. | ,, |
| | музика и движење. | ,, |
| јули | слободни активности-слушање на музика,пеење на песни, музика и движење. | ,, |

| | | |
|---|---|---|
| август | слободни активности-слушање на музика,пеење на песни, музика и движење. | ,, |

Целта на музичкото воспитание е кај детето од најрана возраст да побудува и развива чувства и смисла за убаво во музиката, да ги поттикнува творечките музички способности кај децата:

2. со применување на различни содржини и форми за работа,системско развивање на музичките способности,естетски однос кон музиката;

- преку музиката внесување на ведра атмосфера,радост и расположение кај децата;
- Задачи на музичкото воспитание;
- Кај децата да се побуди интерес за музиката;
- Да се развива желба за слушање музика,пеење песни,пеење и движење,свирење на детски музички инструменти;
- Да се оспособат децата за групно и индивидуално пеење;
- Да се развива осетот за мелодија,чувство за ритам и динамика;
- Да се поттикнат децата за слободни креирања и движења во зависност од текстот и музиката;
- Да се развива музички слух и помнење на децата од сите возрасти;
- Да се развива љубов и умеење за свирење на детски музички инструменти.

## *7. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКИОТ И ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ КАДАР , СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ*

Стручното усовршување на стручниот, воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар , а со цел континуирано следење на промените во научната педагошко-психолошка теорија и пракса , следење на иновациите , современите сознанија од повече области поврзани со дедтето , примена на нови методи,форми, стратегии, принципи на работа, ќе претставува перманентен и сериозен процес на кој ќе му се посветува одговорно и професионално внимание во наредниот период во градинката.

Стручното усовршување како неопходна компонента на образование за време на работењето и континуиран професионален развој, ќе се остварува под раководство на директорот, стручните лица во градинката, во организација на МТСП, Бирото за образование, УНИЦЕФ, Филозофскиот факултет, Педагошкиот факултет во Скопје, стручни институции и центри, сектори при Општината итн.

Во текот на програмската година планирањето , координирањето и реализацијата на активностите од доменот на стручното усовршување, ќе вклучува разни форми на активности за стручно усовршување во рамките на установата и надвор од неа со учество на стручни средби, дебати, тркалезни маси, советувања, семинари, симпозиуми, проекти. За таа цел ќе се следи и применува стручната литература и списанија, литературата што ја имаме во нашата библиотека, применување на нови и современи форми на работа.

Градинката не само што ќе го вклучува кадарот во понудените активности, обуки и други форми од надворешни едукатори, како од МТСП, УНИЦЕФ и други, туку ќе остварува и соработката и посетата на други детски градинки , установи, институции и стручните служби на Општина Карпош со цел да се збогатува искуството, да се разменуваат мислења и ставови а со тоа се подигнува квалитетот на работењето и дејноста.

Редовното следење на стручната литература со која располага градинката , стручните списанија, детските списанија на

кои сме претплатени , се надеваме дека ќе дадат придонес за збогатување на искуството на нашиот стручен кадар.

На планот на стручниот и професионален развој на стручниот кадар ќе ги следиме обуките организирани од МТСП и УНИЦЕФ, како и од Филозофскиот факултет, кои во континуитет траат од 2019 год, а кои беа поврзани со неколку теми од дејноста на градинката, како:

- развој на социоемоционалната интелигенција на децата,
- конструктивизам во учењето со децата,
- професионални заедници и колегијална подршка
- менторство итн.

Планираме реализација на стручни предавања од областа на педагогијата, психологијата, детскиот говор ,детскиот развој . Овие предавања ќе бидат изготвени и реализирани од од нашите стручни работници и директорот, со следниве теми:

- Партнерска соработка помеѓу градинката и родителите(семејството),

- Хиперактивни деца,
- Стрес и справување со стресот во секојдневниот живот и животот во градинката, како и неговото влијание врз говорот на децата.

Темите и активностите што ќе се реализираат во текот на програмската 2024/25 година првенствено ќе бида во функција на детето и воспитно-образовната работа со децата, во функција на обединување на практичните и теоретскикте сознанија од педагошката, психолошката, медицинската,развојнататеорија и пракса , во функција на детето и неговиот оптимален и поравилен раст и развој.Воедно, стручното усовршување сакаме да делува на подобрување на компетенциите на воспитниот, негувателскиот,стручниот кадар, и да даде придонес во нивникот професионален развој и доживотно учење. Професионалниот однос кон работата и работните задачи, стекнатата доверба и углед што го уживаме во Општината иГрадот придонесува и оваа година да имаме опфатено голем број деца и капацитетот да биде максимално исполнет. Се надеваме дека ќе го задржиме тој континуитет на општо задоволство на вработениот кадар, родителите и децата.

## 8. *ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА*

Педагошката евиденција и документација редовно и континуирано се води во:

- Дневник за работа на детската градинка,
- Главна книга за децата
- Дневник за работа на воспитната група,
- Досие на детето.

Дневникот за работа на детската градинка го води директорот и ги внесува бараните податоци.

Главната книга ја води (психологот) ,

Дневникот за работа на воспитната група и Досието на детето

го водат воспитувачите а во јасли неговтелките .

Увидот во педагошката евиденција и документација ќе се извршува секојдневно или во одредени периоди зависно од потребите во ОДГ “РАСПЕАНА МЛАДОСТ” Карпош - Скопје.

## *9.ВРАБОТЕН КАДАР*

Во ЈУОДГ„ РАСПЕАНА МЛАДОСТ” Карпош - Скопје вработени се вкупно 43 лица , од кои 43 лица се вработени на неопределено работно време, и 1 лице неговател е со договор за извршување на услуга.

**Раководен кадар (1)**

- Раководен орган – в.д Директор,

**Административен кадар (1)**

- Сметководител 1
  Соработник - секретар

**Стручни работници (3)**

- Логопед 1
- Психолог 1

**Стручни соработници (3)**

- Педагог по физичко воспитание 1
- Музички педагог 1
- Професор по англиски јазик и книжевност 1

**Воспитно - образовен кадар (10)**

- Воспитувачки (9) на неопределено работно време
- Приправник Воспитувач (1)

**Негователски кадар (16)**

- Негователки (15) на неопределено
- Неговател (1) со договор на услуги

**Технички персонал** ( **8** )

- Магационер (1)
- Возач (1)
- Градинар (1)
- Хигиеничарки (3)
- Хаус- мајстор (1)
- Градинар (1)

**Кадар за подготовка на храна** (**4**)

- Готвач (1)
- Садомијачки (1)
- Помошник готвач (2)

## *10.ТЕКОВНО - ИНВЕСТИЦИОНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ*

Тековното и инвестиционото одржување и финансиското работење има за цел да обезбеди нормално функционирање на градинката, набавка на прехранбени производи, набавка на матерјали за работа, набавка на опрема, на играчки, канцелариски матерјали, одржување на електричните апарати, на системот за греење, редовно и навремено исполнување на комуналните услуги,

реализација на активности поврзани со обуки , за санација на дефекти на зградата, за одржување на дворовите итн.

За таа цел најнапред изготвуваме финансов план во соработка со Општина Карпош и План за јавни набавки,а потоа во текот на годината работиме согласно споменатите планови и согласно средствата од самофинансирачките активности (сметка 787)на градинката , но и од дотациите (сметка 903)

Во новата Програмска 2024/2025 г. има потреба од реализирање на следните инвестициони активности во ОДГ „Распеана Младост„:

- Уште од пред повеќе од 8 години доставивме известување до Општината Карпош и МТСП за состојбата со кровот на градинката. Кровната конструкција е од салонитни азбестни табли од отворањето на градинката и се надеваме дека азбестниот кров на градинката во наредните година -две ќе се реализира.
- Во градинката има потреба од реконструкција на централната кујна и тоа :промена на подни и ѕидни плочки во кујната и во приемната просторија за храна, како и набавка на казан за готвење ,
- Има потреба од промена на влезните врати (дрвени) при влезовите,вкупно 5, замена на истите поради дотраеност со нови врати ПВЦ,
- Системот за ладење и греење во објектот Виножито има потреба да се реконструира поради пожарот што се случи во 2020 г. , но и други помали потреби.

Значи и во наредната програмска година ќе работиме на тоа Финансискиот план на приходи и расходи да се движи во планираните рамки, како за средствата од наменската дотација така и за средствата од сопствените приходи, ќе се изврши пописот на основните средства и ситниот инвентар, ќе се изврши сложување на финансиската со материјалната состојба во магацинот, ќе се изработат и предадат годишните завршни сметки за 2024год. со што ќе се согледа финансиското работење на градинката.

Во периодот 2024 и 2025 година ќе се работи според испланираните Годишен, Квартален и Месечен финансиски план за

средствата од наменската дотација и средствата од сопствените приходи, за да до крајот на годината се изготви планот за јавни набавки за 2024 год ,како и финансовиот план за 2024 и да се утврди која постапка ќе се применува.

Финансиската служба ќе се грижи за навремено извршување на обврските околу наплатата на надоместокот кои го плаќаат родителите, навремено плаќање на добавувачите и навремено извршување на обврските спрема вработените по основ на пресметка и исплата на плати.

Во текот на програмската 2024/25 г. финансиското работење на градинката ќе се остварува во колерација со Општината, со МТСП и со другите надлежни институции.

Административните вработени и Директорот ќе доставуваат извештаи за своето работење до Општина Карпош, МТСП, Управата за јавни приходи и сл.

Како и во изминатите години и во наредниот период ќе настојуваме секој проблем што ќе се појави во процесот на работење на градинката навремено да биде решен првенствено со наши сопствени средства а потоа секако ќе се обраќаме и на нашиот основач.

## *11. СОВЕТОДАВНА ДЕЈНОСТ*

Советодавната дејност се реализира преку секојдневна соработка со родителите и давање на корисни совети на родителите во врска со растењето и воспитувањето на нивните деца.

За проблеми за кои ние како воспитен тим не можеме да најдеме соодветно решение ги користиме услугите на стручните соработници од Општина Карпош, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието, Центарот за слух говор и глас, Центарот за ментално здравје на деца и младинци, Педагошки факултет, Филозофски факултет, Монтесори едукативниот центар и сл. Психологот, логопедот, педагогот по физичко образование,музичкиот педагог, професорот по англиски јазик и книжевност како стручни лица секогаш се спремни да им помогнат на децата и родителите со стручни совети. Во спротивно им препорачуваме на родителите да се консултираат со државни и приватни стручни институции.

## *12. П Р О Г Р А М А*

## *„ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ”*



Еколошката едукација на децата има за цел децата да стекнат активна и одговорна улога во секојдневното живеење и да се користи во домот, градинката и пошироката средина.

Цел на програмата е исто така целосната застапеност во секојдневното престојување на детето, опкружувањето, внесување во сите воспитно образовни подрачја и сегменти во воспитно образовниот процес. Еколошкото воспитание и образование им овозможува на децата да донесуваат правилни и соодветни одлуки и нивно правилно реализирање.

Преку оваа програма ќе се подигне свеста на децата, воспитувачите, негувателките, медицинските сестри, родителите и сите останати кои на еден или друг начин - директно или индиректно се вклучени во предучилишната установа на темата заштита на животната средина.

Оваа програма вклучува седум чекори:

**1чекор**: Формирање еко одбор,

**2 чекор**: Анализа на состојбата на животната средина,

**3чекор**: Изработка на план на активности,

**4чекор**: Следење и евалуација на напредокот,

**5чекор**: Поврзување на заштитата на животната средина со редовната настава,

**6чекор**: Информирање и вклучување на пошироката заедница,

**7чекор**: Изработка на еко-кодекс.

**1 чекор**.

Членови на еко одборот може да бидат сите заинтересирани страни за работата на градинката - вработени, родители, претставници на локалната средина, медиуми и невладини организации. Еко одборот треба да воспостави тесна соработка со директорот на градинката за да се координираат активностите во рамките на програмата со секојдневните активности во градинката.

**2 чекор.**

Во овој чекор од програмата најмногу доаѓа до израз потребата за вклучување на сите субјекти во воспитно образовниот процес. Директорот треба да има холистичко или севкупно гледање на градинката од аспект на заштита на животната средина. Тука не станува збор само за едукација на децата и вработените, туку за целосна посветеност кон ова прашање и третирање на истото како секојдневна грижа а не инцидентно третирање на проблемот.

**3 чекор.**

Планот на активностите произлегува од спроведената анализа на состојбата на животната средина. Планот на активности претставува составен дел на планот за развој на градинката и годишната програма за работа на градинката.

**4 чекор.**

За да се открие дали успешно сме ги постигнале поставените цели, потребно е да се следи и мери успехот.

По следењето и мерењето на спроведените активности, потребно е да се евалуираат постигнатите резултати, споредувајки ги со поставените критериуми за успех на активностите.

**5 чекор.**

За да се постигнат целите на програмата потребно е оваа програма да се поврзе со наставната програма. Овие цели да се вградат во Годишната програма за работа на градинката и потоа да се пристапи кон интегрирано планирање во однос на глобалното и тематското планирање.

**6 чекор.**

Клучна улога во успешното реализирање на оваа програма е информирањето и вклучувањето на целата градинка и пошироката околина. Активностите не треба да се ограничат само во градинката, туку и пошироко - во домот и во средината во која се работи и живее. За таа цел потребно е да се развие систем на односи со јавноста и лобирање.

**7 чекор.**

Со еко кодексот на јасен и сликовит начин треба да се покаже посветеноста на градинката за подобрување на условите во кои се реализира воспитно образовниот процес.

Еко кодексот го насочува и определува однесувањето на целата градинка преку воспоставување на вредности, формирање на позитивни ставови во однос на животната средина и градење на навики за нејзино подобрување. Изработениот еко кодекс се поставува на видно место - секој да може да го види, прочита и може да се дополнува.

ОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ” има два објекта (едниот е матичниот , и објектот Виножито во нас. Бардовци ). Стручните колегиуми во градинката одлучија вниманието да го насочиме кон првиот Еко - Стандард - **Заштеда на енергијата** и **уреден и еколошки двор**.

Доколку има услови би разработиле уште еден стандард оваа година.

Со реализација на овие чекори се стекнува статус на еко - градинка

**ПРОГРАМА „ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ИНТЕГРИРАНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Градинка ОДГ РАСПЕАНА МЛАДОСТ Општина КАРПОШ**
**Учебна година 2022/2023**

1. **ПРВ**
   **ЕКО-СТАНДАРД: ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА**

Полиса: Рационално користење на електричната и топлинската енергија во зградата на градинката.
Цел: Намалување на потрошувачката на електрична и топлинската енергија за 10% во споредба со претходната година.

| Точка на акција | Тема | Интеграција Суб теми и програмски ситуации | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 4, 6, 7, 9 | Градинката бесконечно царство за другарство,Учам,играм и со сетила откривам | Екологија во градинката,формирање еко патрола,осветлување - штедливи сијалици | Воспитувачи Деца од 2 до 5год. | Септември - Октомври |
| 4, 6, 9 | Македонија земја со култура и традиција,Нашата Планета Земја | Како добиваме електрична енергија - користење природни богатства<br>- рудни богатства<br>- природни и вештачки езера<br>-Сонцето како извор на енергија<br>- Изработка на албум | Воспитувачи, Деца Родители<br>од 5 до 6год | Континуирано низ целата година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4, 6, 9 | Годината крие дванаесет приказни | Четирите годишни времиња<br>Во кои год. времиња користиме енергија за греење<br>Дидактичка игра - Како штедам струја | Воспитувачи<br>Деца<br>од 2 до 6год | Континуирано низ целата година |
| 9 | Земјата дел од вселената | Како штедиме енергија<br>Зошто да штедиме енергија | Воспитувачи<br>Деца<br>од 5 до 6год | Континуирано низ целата година |

**2.ВТОР ЕКО-СТАНДАРД: ЗАШТЕДА НА ВОДА**

Полиса: Рационално користење на водата во зградата и дворот на градинката.

Цел: Намалување на потрошувачката на вода за 10% во споредба со претходната година.

| Точка на акција | Тема | Интеграција<br>Суб теми и програмски ситуации | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 5,7 | Моите игри и игрите на мама и тато, Јас и моето тело | Водата - чувар на нашето здравје<br>Зошто треба да ја чуваме и штедиме водата | Воспитувачи<br>Деца<br>од 3 до 5год | Континуирано низ цела година |
| 5,7 | Земјата – дел од вселената, | Водните ресурси во Македонија<br>Важноста на водата за живиот свет | Воспитувачи<br>Деца<br>од 4 до 6год | Октомври - Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Македонија земја со природни богатства. | Како треба да ја чуваме и штедиме водата | | |
| 3,4,5,7 | Годината крие дванаесет приказни, Во светот на животните и инсектите, | Каде се наоѓа водата на Земјата и во каква состојба<br>Да ја чуваме водата жива и здрава, таа живот ни дава<br>Животинскиот и растителниот свет во вода | Воспитувачи<br>Деца<br>од 2 до 6год | Континуирано низ целата година |

**3.ТРЕТ ЕКО-СТАНДАРД: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО ГРАДИНКАТА**
Полиса: Здрава и чиста внатрешна средина за престој и работење.
Цел: Обезбедување на здрави услови за престој и работење во градинката.

| **Точка на акција** | **Тема** | **Интеграција<br>Суб теми и програмски ситуации** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| 1, 2, 5, 8 | Ова сум јас, а ова е моето семејство,Храната | Екологија во градинката и домот<br>Од каде доаѓа отпадот и каде оди | Воспитувачи<br>Деца<br>од 2до 6год | Континуирано низ целата година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | извор на енергија, Јас и моето тело, | | | |
| 1, 3, 5, 8 | Учам, играм и со сетила откривам, Јас и моето тело,Морални и етички вредности | Сакам кога е чисто и средено(класифицирање на отпадот) Работилница - употреба на пластична, стаклена и хартиена амбалажа | Воспитувачи, Деца Родители од 2 до 6год | Континуирано низ целата година |
| 1, 2, 3, 5, 8 | Пролетта време кога природата се буди,Мал сум но се грижам за својата околина | Ја разубавуваме нашата градинка со цвеќиња Еко патролата - одговорна за цвеќињата Пролетна акција во градинката - отстранување на нефункционални предмети и играчки | Воспитувачи, Деца Родители од 2  до 6год | Од Март до Мај |

4. **ЧЕТВРТ ЕКО-СТАНДАРД: УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР**

Полиса: Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина.
Цел: Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во градинката.

| **Точка на акција** | **Тема** | **Интеграција Суб теми и програмски ситуации** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1, 6, 9, 10, 12, 15 | Есента – златна кралица,Празниците не радуваат и зближуваат,Градинката бесконечно царство за другарство, | Садење на есенски и пролетни цвеќиња<br>Ликот на дрвото во четирите годишни времиња<br>Работа со природен материјал | Воспитувачи<br>Деца<br>Родители<br>од 2 до 6год | Ноември - Мај |
| 6, 10, 12 | Сообраќајна култура, Во светот на ивотните и инсектите,Морални и етички вредности,Земјата – дел од вселената,Годината крие дванаесет приказни, | Еко бон тон за деца<br>Одбележување  Денот на пролетта<br>Денот на екологијата<br>Денот на планетата Земја<br>Денот на дрвото | Воспитувачи<br>Деца<br>Родители<br>од 4 до 6год | Од Јануари до Јуни |

## *13. ЗАКЛУЧОК*

Од досега изнесеното може да се согледа дека со Програмата за работа на ОДГ „Распеана Младост“, Карпош за 2024/2025 г. се обидовме да дадеме визија за работењето и развојот на градинката во наредниот период, да дадеме преглед и да ги истакнеме активностите што планираме да се реализираат во следните месеци во интерес на современото дете згрижено во нашата градинка, но и во интерес на вработените, на родителите и семејствата и на цела заедница.

Сето она што за нас претставува визија и развој на градинката ќе биде насочено кон следните сфери на делување:

- ДЕТЕТО, грижата , негата ,исхраната , безбедноста и здравјето на детето, неговиот правилен раст и развој, квалитетно воспитание и образование , подготвување за натамошно образование и живот
- РОДИТЕЛИТЕ И СЕМЕЈСТВАТА, , со цел поквалитетна партнерска соработка, врз база на взаемна почит и доверба, со можност за поголемо вклучување на родителите во животот на градинката, поквалитетно и активно родителство и
- ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ на градинката на кои низ најразлични форми ќе се делува на нивниот професионален развој, на развојот на стручните компетенции и вештини, на одговорно и квалитетно извршување на работните задачи и
- Одржливост на зградите и дворните површини на градинката.

Детската градинка „РАСПЕАНА МЛАДОСТ" Карпош - Скопје ќе биде здрава, безбедна и едукативна (воспитно-образовна ) средина во која децата ќе доаѓаат со задоволство, затоа што во градинката организираните игри и игровни активности, групни активности, посетите, прошетките, настаните што ќе се реализираат ќе бидат современи, ефикасни, квалитетни и прилагодени на потребите и интересите на децата, и градинката ќе биде нивното волшебно царство.

Сето ова во едногодишниот период согласно наведената Програма за работа , ќе настојуваме во целост да го реализираме за да се оствари нашата визија **" МОЈА ГРАДИНКА – МОЈОТ ДЕТСКИ СВЕТ„.**

Скопје | В.д. Директор
Август 2024г. | Валентина Ѓорѓевиќ